МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА :

ПОСТАПКА НА МЕДИЈАЦИЈА: КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ

Изработил:

Кристина Јаковлевска М197018

Професор:

Проф. Д-р Елизабета Спироска

Свети Николе, 2024

АПСТРАКТ

Целта на овој магистерски труд „Постапка за медијација: Компаративно-правни аспекти на процесот на медијација помеѓу Македонија Италија, Албанија Бугарија и Австралија" е дефинирање на клучните поими и тоа поим за медијација од аспект на законот за медијација и нејзината примена во граѓанските, стопанските и кривичните процеси, понатаму елементите на медијацијата и нејзините видови, мал осврт на арбитражата како еден вид на медијација во меѓународното право.Компаративното право од друа страна како споредбено право дава една широка можност да се направи една споредба помеѓу процесот на медијација и начинот на спроведување на истата во Македонија и процесот на медијација и начинот на спроведување на истата во земјите од Западен Балкан, со посебен сврт на овој процес и начинот на неговата примена во Албанија и Бугарија, што се однесува пак до споредбата меѓу Македонија и Европска Унија овој мегистерски труд ќе се задржи на начинот на медијација во Италија како земја со најмногу решени спорни процеси по пат на медијација.Медијацијата како начин на мирно решавање на споровите се применува и во земјите со аглосаксонско право и од таа причина овој магистерски труд ќе направи компарација односно тема на негово интересирање ќе биде процесот на медијација и неговата примена во Австралија

Клучни зборови: компарација, поим за медијација, медијацијата во Македонија, наспроти процесот на медијација во Италија, Албанија, Бугарија и Австралија, сличности и разлики меѓу системите.

ABSTRACT

The purpose of this master's thesis ,, Comparative metods of the mediation process in Macedonia, Italy, Bulgaria, Albania and Australia is to define the key concepts of mediation. Mediation is as a procedure in wich the mediator helps the despite parties to negotiate and reach mutually agreed solutions. As such, mediation allows the parties to avoid a long expensive court proceddings.Comparative law on the athor hand is the study of defferences and similarities between the legal systems of difrent countries. In this case I will try to explain the mediation process in Macedonia and the mediation process in Italy, Albania, Bulgaria and Australia .

Key words: Mediation process in Macedonia and the mediation process in Italu, Albania, Bulagria in Australia, defferences and similarities between the

СОДРЖИНА

ВОВЕД 6
I. Теоретска елаборација на проблемот.....7
1.1 Поим за компаративно право.....7
1.2 Поим за медијација.....8
1.3 Медијацијата versus судската постапка-предности и недостатоци.....9
1.4 Начела на медијацијата.....10
1.5 Почеток на медијацијата.....11
II.Медијацијата во Македонија.....12
2.1 Стратегијата на правосудниот сектор за промоција на медијацијата.....14
2.2 Видови на медијација.....18
2.3 Начела на медијација-согласно закон.....19
2.4 Регистар за примени барања на медијација.....21
2.5 Постапка на медијација согласно закон.....21
2.6 Медијатор во Република Северна Македонија.....27
2.7 Медијација во граѓански спорови.....31
III Медијација во Европската Унија.....32
3.1 Идејата за интегрирана Европа.....32
3.2 Медијацијата во европската унија -Директивата 52/2008 како столб на медијацијата во унијата.....39
3.3 Италија како најголем медијатор во Европска Унија.....43
3.4 Медијацијата во земјите од западен Балкан.....48
3.5 Медијацијата во Бугарија.....50
3.6 Медијацијата во Албанија.....83
3.7 Сличности и разлики помеѓу медијациата во Македонија versus Италија, Бугарија и Албанија.....86
IV Медијацијата во државите со аглосаксонско право.....87
4.1 Медијацијата во Австралија.....87
V Методологија во истражувањето.....95
5.1Проблемско- предметна рамка на истражувањето.....95

5.2Проблем на истражување.....95
5.3 Цели на истражвање.....96
5.4 Карактеристики и вид на истражување.....97
5.5 Хипотетеска рамка.....98
VI Обработка на податоците од истражувањето.....99
6.1 Квантитативна и квалитативна анализа на податоците.....99
Заклучни согледувања.....106
Библиографија.....110
Прилози на магстерски труд- прилог анкета.....114

ВОВЕД

Поединецот во текот на своето егзистирање, како член на заедницата постојано стапува во интеркорс со другите луѓе. Секој таков интеркорс, односно корелација во која се инволвирани две или повеќе страни претставува општествен однос.

Правото ваквите општествени односи ги нормира со правни норми. Секој општествен однос од кој произлегуваат права и обврски за две или повеќе инволвирани страни во тој однос се нарекува облигационен однос.

Суштината на секој облигационен однос е во двостраноста на односот, односно е во тоа што едната страна превзема обврска спрема другата страна и обратно. Тоа значи дека она што претставува обврска за едната страна е право на другата страна и обратно.

Облигациониот однос најлесно се објаснува преку должничко - доверителските односи односно кога едната страна прима заем од другата страна и за определен рок има обврска да го врати, доколку не го врати во опредлениот рок, велиме дека настапило задоцнување и другата страна има право да го бара заемот по судски пат.

Облигационото право разликува облигациони односи помеѓу физички, облигациони односи, помеѓу правни лица и облигациони односи, помеѓу правни и физички лица.

Без оглед кој ја презел обврската тој има рок за нејзино остварување, доколку некој доцни со превземање на обврската, тогаш односот меѓу инволвираните страни станува спорен.

За да ги надминат спорните прашања и за да се обезбеди исполнување на обврската странките најчесто спорот го решаваат по судски пат.

Имено како што еволуирал човекот така се менувале и начините на решавање на спорните прашања кој произлегувале од облигационите односи. Па така традиционалниот начин на судска разрешница денес е заменет со алтерантивно решавање на спорот. Таков начин на алтеранативно решавање на спорот е медијацијата, која по дефиниција значи решавање на спорно прашање помеѓу две или повеќе страни со помош на трета страна медијатор.

Ваквиот алтерантивен начин на решавање на спорот е темата на овој магистерски труд.

I. ТЕОРЕТСКА ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ

1.1 Поим за компаративно право

Споредбеното право, познато уште како компаративно право е правна академска гранка која се занимава со проучување на разликите и сличностите меѓу различните правни системи. Под ова се подразбира проучување на различни правни системи како што се англо - саксонско право, континенталното право, социјалистичкото право, канонското право, еврејското право, исламското право, индиското право и кинеското право.

Ова вклучува карактеризација и анализа на странски правни системи, дури и кога нема директна споредба. Релевантноста на споредбеното право значително се зголеми во ерата на интернационализмот, глобализацијата и демократизацијата.

Споредбите на поединечни решенија во нашето „сопствено" и „странско" право или проучувањето на правните поставки во различни средини се појавиле веќе во антиката и до одреден степен траеле низ средниот век и раниот модерен период. Со создавањето на големи кодификации во XIX век а со изградбата на „националното право" поврзано со државата, стана возможно и пожелно компаративното проучување на поединечни правни институти и цели правни системи, а со тоа се афирмираше методот, или дисциплината споредбено право, која потоа го добива своето име. Во тој век се создаваат првите поголеми трудови од споредбеното право, се основаат здруженија и се формираат катедри за изучување на споредбеното право. На првиот конгрес за споредбено право во Париз во 1900 година, акцентот сè уште бил ставен на споредбата на законодавството, но под влијание на англосаксонските земји, темата и методите на дисциплината се проширија на обичајното право и јуриспруденцијата.

Неопходно е да се земе предвид дека правниот систем на една земја не е секогаш „чист" и дека не може целосно да се препише на едно од гранките (англосаксонско, европско-континентално и т.н.). Анализите на правните компаратисти понекогаш ги споредуваат тесно поврзаните правни системи, барајќи објаснувања за забележаните разлики и нудејќи примерни решенија од странското право. Во други случаи, тоа е најчесто споредба на цели семејства или многу различни правни системи со цел да се придонесе кон правната теорија и филозофија на правото. Значењето на компаративното

право е повеќекратно: тоа им овозможува на адвокатите и државниците да ги разберат странските позиции за одредени прашања, на законодавците им покажува законодавни решенија по моделот на други земји, ги насочува оние кои работат во странски земји кон деталите на странското право.[1]

Компаративното право сватено во овој контекст е само алатка да се разбере медијацијата како алтеранативно решавање на споровите преку анализа на постапката за медијација во Македонија, Италија, Бугарија, Албанија и Австралија.

1.2 Поим за медијација

Медјацијата претставува вонсудска постапка за решавање на спорови, во која трета страна, медијатор им помага на страните по пат на преговарање да дојдат до заеднички прифатливо решение. Медијацијата во својата суштина е алтерантивен, вонсудски начин на решавање на спорот и како таква е доброволна, тоа значи дека страните лично учествуваат во постапката и решавањето на спорот, сами ја контролираат постапката и доаѓаат до решение. Во целиот овој процес на медијација на страните им е загарантирана доверливоста на постапката и заштедуваат парични средства.[2]

Во постапката за медијација двете страни активно земаат учество во решавање на спорот, доаѓаат до решение кое е прифатливо за двете страни и кај двете страни се јавува чувство на победа. За цело време додека трае процесот на медијација страните го контролираат процесот и допринесуваат за позитивен резултат.

Процесот на медијација секогаш без исклучок вклучува трета страна медијатор. Улогата на медијаторот е објективна односно тој е оној кој дава објективен пристап на процесот. Медијаторот поседува вештина да собере релевантни информации за спорот во текот на дијалогот помеѓу страните, ги идентификува кои се позициите, интересите и потребите на страните. Медијаторот поседува способност точно да го идентификува проблемот, да ги најде точките на разединување односно кои се оние спорни прашања, но

---

[1] Sporedbeno parvo, *Hrvatska enciklopedija*, *mrežno izdanje,* Leksikografski zavod Miroslav Krleža, 2013. – 2024, достапно на https://www.enciklopedija.hr/clanak/poredbeno-pravo>, (последен пристап 16.05.2024)

[2] Гордана Атанасова, Работи кои треба да ги знаете за медијацијата, Комора на медијатори на Република Северна Македонија, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija/ , (последен пристап 20.03.2024)

и да најде што е заедничко за двете страни. Освен способноста да го идентификува проблемот, медијаторот поседува и комуникациски вештини како што се активно слушање, правилно поставување на прашања и пренесување на пораки. Исто така тој знае да ги преформулира и парафразира желбите и потребите на двете инволвирани страни и преку неутралност без осудување и критикување, да ги насочи страните кон активна комуникација и да ги потикне самите да дојдат до решение.

Секоја постапка на медијација се заклучува со писмена спогодба потпишана од двете страни и кај двете страни се постигнува т.н. вин-вин ситуација.

1.3 Медијацијата versus судската постапка - предности и недостатоци

Кога темата на интересирање на овој магистерски труд е постојаната споредба а процесот на медијација во Република Македонија, наспроти Италија, Албанија, Бугарија и Австралија. Неминовно е да се направи дистинкција помеѓу медијацијата како вонсудско решавање на спорот и судската постапка.

Имено како предности кои му се препишуваат на медијацијата во однос на судска постапка е активно учество на инволвираните страни во заедничко решавање на спорот, така што сите страни се чуствуваат како победници. Страните со своето учество го контролираат процесот и допринесуваат за резултатот и одлучуваат за содржината на спогодбата.[3]

За разлика од медијацијата во судскиот процес, судот одлучува кој ќе го добие спорот, а само една страна е победник. Судскиот процес трае долго додека медијација е брза постапка, странките со помош на медијаторот можат за побрзо од 3-4 часа да стигнат до прифатливо решение. Една од предностите која му се препишува на медијацијата во овој контекст е и тоа што за разлика од судската постапка трошоците за медијација се помали, во судската постапка трошоците се поголеми. Медијацијата е тајна постапка во која учествуваат само инволвираните страни и медијаторот, по потреба учество земаат и полномошните или законските застапници на страните, додека судските постапки можат

[3] Гордана Атанасова, Работи кои треба да ги знаете за медијацијата, Комора на медијатори на Република Северна Македонија, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija/ (последен пристап 20.03.2024)

да бидат јавни. Во постапката за медијација се почитуваат личните вредности на страните културата, обичаите и традициите а овие вредности можат да бидат имплементираи во решението.

Со спогодбата можат да се решат сите спорни прашања помеѓу страните, можат да се решат само дел од спорните прашања, односно да се постигне согласност за фактичките прашања, а за правните прашања да се покрене судска постапка. Со медијацијата се обновуваат нарушените односи, се подобрува квалитетот на дијалогот во иднина дури и може да се превенираат настанување на нови конфликти меѓу субјектите.

Аналогно на ова се поставува логично прашања кои спорови се решаваат со медијација?

Имено со медијација се решаваат имотно правни семејни, работни, трговски, потрошувачки спорови од областа на образованието, заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, во кривично правни спорови кои се гонат по приватна кривична тужба или кога имаме кривична одговорост кај деца, односно кога детето е кривично одогворно, а кое дошло во судир с законот, односно сторило кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 5 години како и во други спорни односи каде медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно решавање.[4]

1.4 Начела на медијација и како се иницира постапка за медијација

Медијацијата како начин на вонсудско решавање на споровите почива врз начелата на:

- Начело на доброволност,
- Начело на неутралност,
- Начело на доверливост,
- Начело на исклучување на јавноста,
- Еднаквост на страните,
- Достапност на информации за медијацијата во другите постапки,

[4] Гордана Атанасова, Работи кои треба да ги знаете за медијацијата, Комора на медијатори на Република Северна Македонија, достапно на https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija, (последен пристап 20.03.2024)

- Начело на ефикасност и правичност на постапката како во смисла на самата постапка, така и на медијаторот и инволвираните страни.[5]

Начелото на доброволност се однесува на доброволно пристапување на страните во постапка на медијација со потпишување на писмена согласност, начинот на водење на постапката и доброволно прекинување на постапката. Страните за цело време додека трае процесот се рамноправни во постапката за медијација. Во постапката за медијација медијаторот постапува непристрасно и неутрално во однос на страните или на спорниот однос. Доверливоста во овој контекст се однесува на сите информации кои произлегуваат или се поврзани со постапката на медијација кои ќе останат доверливи, ако страните поинаку писмено не се договориле. Во постапката за медијација јавноста е во целост исклучена. Во постапката за медијација директно учествуваат страните, доколку медијацијата е за правни лица тогаш тоа е застапувано од законскиот застапник, односно овластен полномошник. Страните имаат еднакви можности за учество во постапката за медијација, медијаторот постапува еднакво со страните. Постапката на медијација е економична, ефикасна и брза постапка до која страните имаат еднаков и лесен пристап. Во постапката на медијација за цело време се гарантира правично постапување.

1.5 Почеток на медијацијата

Медијацијата започнува на денот кога страните во спорот во писмена форма се согласиле дека ќе учествуваат во постапка на медијација или со потпишување на изјава за согласност дадена на записник пред суд. Страната која што смета дека постои одреден спорен однос упатува писмена покана преку медијатор до другата страна или до повеќе страни, доколку во спорот се инволвирани повеќе страни. Во рок од седум дена по добивањето на поканата за медијација поканетата страна треба да се јави на средба со медијаторот или на заедничка средба со медијаторот и страната која ја упатила поканата[6].

Доколку на средбата една од страните не е согласна спорот да се решава во постапка за медијација истото треба писмено да го потврди. Ако страната која ја поканила

[5] Ibid, страна 6

[6] Medijacija,достапно на https://cvjeticaninlegal.com/tag/medijacija/ (последен пристап 20.03.2024)

другата страна не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација најдоцна во рок од 15 дена од денот на испраќањето на поканата или во друг пократок рок предвиден со поканата се смета дека предлогот за поведување на постапка на медијација не е прифатен.

Медијацијата може да започне и по започувањето на судската постапка, во било која фаза на судска постапка. Заради скратување на времето кое ќе биде потрошено во судската постапка, за најпогоден момент за започнување на медијација е почетокот на судската постапка. Ако постапката за медијација се води по упатување, а судот медијаторот е должен во рок од три работни дена по завршувањето на постапката за медијација да го извести судот за начинот на завршување на постапката. Во рок од три работни дена по потпишување на спогодбата како резултат на упатување на медијација при прекин на судска постапка, медијаторот е должен постигнатата спогодба со медијацијата да ја достави до судот заради тоа што истата е основ за судско порамнување.[7]

II. МЕДИЈАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Медијацијата како начин на алтернативно и адекватно решавање на споровите постои во нашата држава уште од 2006 година кога Македонија, ја ратификуваше Сингапурската конвенција и со донесувањето на првиот Закон за медијација, меѓутоа традицијата да се решаваат споровите пред суд се менува тешко.

Во контекст на овој неспорен факт, со донесувањето на новиот закон за медијација во 2021 година во целост е имплементирана и во нашата законодавна рамка текстот на Европската директива бр. 52/2008 година.

Новиот закон за медијација акцентот го става на медијација во граѓанските спорови и трговските спорови и интервенција во Законот за парнична постапка, со која во Македонија е воведен ткн ,,задолжителен обид за медијација" за одреден вид на спорови[8].

[7] Ibid

[8] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година член 1 и 2

Станува збор за стопанските спорови чија вредност надминува милион денари. Пред да биде пуштена тужба тужителот - правно лице треба да има формален доказ дека испратил барање до туженият постапката да се реши по пат на медијација. Во спротивно судот внимава на оваа околност по службена должност и може да им наложи на страните прво да направат обид за медијација. Ова претставува решителен чекор кон вистинско промовирање на медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите. За ваков чекор македонскиот законодавец се одлучи имајќи ги во вид позитивните искуства во поразвиените региони во Европа каде што медијацијата многу успешно се практикува и дава неворојатни добри резулати на брзо и ефикасно решавање на споровите.

Македонскиот законодавец не остана осамен во регионот во поглед на имплементацијата и широката промоција на медијацијата, имено повеќе од десет држави членки на Европската Унија кои ја имаат имплементирано директивата за медијација бр. 52/2008 година воведен е задолжителен обид за медијација за при решавање на одреден вид на спорови (семејни, спорови од мала вредност, трговски спорови со банки и осигурителни компании, одредени имотно правни спорови каде странка е државата и сл).

Медијацијата е силен промотор на демокатијата во едно општество, бидејќи почива врз демократкото право страните да одлучат своеволно како ќе најдат разрешница во еден конкретен спор дали разрешницата ќе се бара со иницирање на судска постапка или со иницирање постапка на медијација. Интенцијата на медијацијата е да се постигне разрешница во која двете страни ќе бидат задоволени.[9]

2.1 Стратегијата на правосудниот сектор за промоција на медијацијата во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, медијацијата како начин на решавање на конкретен спор е воведена со Законот за медијација од 2006 година кој беше во сила се до октомври 2014 година, кога стапи на сила неговиот правен следбеник, односно Законот за

[9] Достапно на Работи кои треба да ги знаете за медијацијата https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija/ страна 7 (последен пристап 20.03.2024)

медијација од 2013 година, кој важеше се до 2021 година кога е донесен нов Закон за медијација кој е применлив и денес.

Потребата да се донесе стратегија за реформа на правосудниот сектор се наметна од прогрес - извештајот кој нашата држава секоја година го добива од Европската Комисија за реформите во правосудниот сектор.

Една од главните забелешки во овој извештај беше и таа дека ,,концептот на медијацијата применлив во државава е нефункионален и треба да се работи на ново законско решение во областа на медијацијата со кое се планира да се надминат слабостите од практиката".

Ова беше силен аларм да се донесе националната стратегија за реформа во правосудниот систетм 2017-2022, која во својот фокус ја има ставено и медијацијата, реформите поврзани со медијацијата каако алтернативен начин за решавање на споровите се една од стратешките цели на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.

Со цел да ги оправда очекувањата и да го подобри впечаткот кон Европската комисија, стратегијата за реформа во во контекст на унапредување на нотираше повеќе стратешки насоки, и тоа:

- Законски измени во делот на испитот за медијатори, при спроведување на испитот за медијатори треба да се земат предвид комптенциите и вештините кои треба да ги има медијаторот и кои ќе придонесат кон посправедливо решение.
- Овозможување и поттикнување на јавните органи да ги решаваат меѓусебните спорни ситуации по пат на медијација.
- Стимулирање на примената на медијацијата во примена на Законот за правда на децата.
- Промоција на потребата и придобивките од медијацијата согласно Директивата на Европската комисија за медијација во граѓански и трговски спорови од 2011 година.
- Интензивирање на обуките посветени на медијацијата и арбитражата преку Академијата за судии и јавни обвиители.

За да ги имплементира овие стратешки насоки, беше донесен и акциски план за спроведување на стратегијата.[10]

Во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година како главна стратешка цел е предвидено зголемување на примената на медијацијата. За да биде постигнато ова, Владата на Република Северна Македонија направи значителен исчекор со тоа што потпиша меморандум за соработка со Комората за медијатори од 2019 година и согласно меморнадумот и заклучокот на Владата усвоен во јули 2019 година на сите државни органи, институции, јавни претпријатија што се во државна сопственост но и едниниците на локаланата самоуправа, им се даде јасна и недвосмилена препорака пред да почнат постапка пред суд да направат обид споровите да ги надминат по пат на медијација. Оваа промоција на медијацијата и нејзината задолжителност треба да го растеретат државниот буџет од големите трошоци на судската постапка. Во овој контекст е и испратеното известување до сите организациони единици во Министерство за внатрешни работи коешто е наведена подготвеноста на Министерството за внатрешни работи, сите спорни прашања што произлегуваат од работните односи, а особено за работа на дополнителни часови надвор од полното работно време, да ги решава по пат на медијација.[11]

Според член 27 од Законот за медијација, предвидено е дека Владата на Република Северна Македонија донесува програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки и средства со кои се обезбедува поддршка на медијацијата. Програмата се донесува за период од најмалку четири години. Аналогно на ова по примерот на владата и Судскиот совет на Република Северна Македонија како и Врховниот суд на Република Северна Македонија донесуваат посебни програми за поддршка на медијцијата. Во контекст напоменувам дека со новиот Закон за Медијација од 27.12.2021 година, не е предвидено Врховниот суд да донесува посебна годишна програма за поддршка на медијацијата па оваа обврска останува само за Судскиот совет.

---

[10] Симонида Кацарска, Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија , Скопје 2022 година, страна 1 и 2

[11] Ibid, страна 3 и 4

Пред да се донесе новиот закон за медијација, во претходното законско решение беше предвидено субвенционирањето на трошоците на постапката на медијација од страна на државата на дел од трошоците направени во постапката за медијација под условите уредени со овие законски одредби. Ваквата можност за субвенционирање во новиот Закон за медијација е предвидена и елабориана во член 35 од законот, според член 35 од Законот е предвидено дека заради развој на медијацијата, државата врши субвенционирање на дел од трошоците на медијацијата ако медијацијата била спроведена пред започување на судксата постапка, ако според посебен закон не е превиден задолжителен обид за медијација, како услов за водење на судска или друга постапка, по воспоставен договорен однос не е предвидено во случај на спор истиот да се реши по пат на медијација, кога една од страните е физичко лице , кога медијаторот евидентирал дека предметот за медијација е завршен со спогодба и презентирал трошковник на образец за наплатена награда на медијаторот, намален за износот на субвенцијата. Во овој контест важно е да се напомене дека државата ќе субвенцоира една постапка на медијација меѓу исти страни за еден спорен однос, ако медијторот презентирал трошковник не повисок од 4.000 денари. Потребните средства за медијација на годишно ниво државата ги исплаќа преку Министерството за правда на Република Северна Македонија. Начинот на субвенцијата, исплатата на истата, формуларите за барањето и наплатената награда и сите обрасци, правила и документи потребни за субвенционирањето ги пропишува Министерството. Рокот во кој треба да се произнесе Министерството за правда по повод барањето за субвенционрање е 90 дена. Во овој дел сметаме дека рокот е предлого поставен и како таков треба да биде предмет на анализа и соодветна реформа.

Ако се погледне Законот за медијација (и во 2013 и во 2021 година) медијацијата не е ништво друго туку претставува процес на вонсудско решавање спорови со помош на трета неутрална страна - лиценцран медијатор, кој го олеснува процесот на решавање на спорот заради постигнување на заедничко прифатливо решение. Медијација е секое посредување, без оглед на неговиот назив, при решавање на спорниот однос во постапка на медијација во коешто на страните во спорниот однос им се овозможува да го решат по пат на преговарање на мирен начин со помош на еден или на повеќе лиценцирани

медијатори, со цел да се постигне заедничко прифатливо решение изразено во форма на писмена спогодба.[12]

Согласно Законот од 2013 година медијацијата може да се применуваше во имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата како и други спорни односи каде што медијацијата можеше да помогне за нивно разрешување.

Со Законот за медијација од 27.12.2021 година проширен е опсегот на примената на медијацијата па така е предвидено таа да се применува и врз имотно-правни спорови што произлегуваат од оставински постапки[13],

Семејни спорови

Работни спорови

Трговски спорови

Потрошувачки спорови

Осигурителни спорови

Спорови што произлегуваат од постапките на нотраски платни налози

Спорови од областа на образованието

Спорови од областа на безбедност и здравје при работа

Спорови од областа на здравствената заштита

Спорови од областа на заштитата на животната средина

Спорови во врска со дискриминацијата

Спорови поврзани со граѓанска одговорност за навреда и клевета и

Во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување настанати меѓу домашни и/или странски физички и правни лица.

Во член 5 од новиот Закон за медијација се уредени и основите за медијација во прекуграничните трговски и граѓански спорови. Во паралела со судската постапка, медијацијата е доброволна, рамноправна, неутрална, неформална, доверлива, нејавна, брза и економична постапка. Постапката на медијација може да трае најмногу во период од 60

[12]Симона Кацарска, Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, Скопје 2022 страна 5 и 6

[13] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, член 1

дена, а согласно новиот Закон за медијација од декември 2021 година, овој рок е продолжен и таа мора да заврши во рок од 90 дена доколку сите учесници не се договориле поинаку.[14]

Со овој закон се уредува медијацијата во спорните односи во кои страните можат слободно да располагаат со своите барања, без оглед на тоа дали таа се спроведува пред или по започнување на судска или друга постапка.

Целта на законот е да го олесни пристапот до постапката на медијација како алтернативна постапка за решавање на споровите, да влијае на подигање на свеста зза медијацијата, со поттикнување на нејзината примена и преку гарантирање на балансирана врска меѓу медијацијата и судската постапка[15].

2.2.Видови на медијација

Според начинот на поведување, медијацијата може да се одвива како доброволна, договорна и законски определена.

Доброволна медијација е медијацијата во која страните самостојно и волево се впуштаат во обид за решавање на спорен однос, пред или по започнувањето на судска постапка.

Договорна медијација е онаа која произлегува од сама одредба од договорот помеѓу страните, страните кои го чинат облигациониот однос, во нивниот облигационен договор внесуваат одредба со која во договорот се утврдува дека доколку настане спор, истиот ќе го решат по пат на медијација, пред започнување на судска или друга постапка. Во овој случај доколку се поднесе тужба до надлежниот суд, без приложен доказ од медијатор за сторен обид за решаавање на спорот со медијација, постои основ за отфрлање на тужбата поради судска ненадлежност.

Законски определена медијација е задолжителниот обид за медијација кој произлегува од закон пред или по започнување на судска постапка.

---

[14]Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, член 2

[15] Ibid

Одредбите од законот за медијација се применуваат во областа на трговското и граѓанското право кога една од страните во времето кога е постигната согласноста за медијација има седиште или живеалиште во друга држава. Понатаму ако една од обврските на инволвираните страни од облигациониот договор треба да се исполни во друга држава или правата што произлегуваат од облигациониот однос да се остварат во друга држава тогаш велиме дека имаме прекугранична медијација.

Кога медијацијата се води во Република Северна Македонија, се применуваат одредбите од законот за медијација, ако странките поинаку не се договориле. Спогодбите меѓу страните склучени при медијација во прекугранични спорови се изедначуваат со спогодбите склучени согласно со законот за медијација и имаат исто правно дејство и тие треба да се во корелација со уставот и законите, во спротивно се ништовни.

2.3 Начела на постапка на медијацијата-согласно закон

Медијацијата се спроведува согласно со начелото на доброволност, рамноправност и неформалност, непристрасност, доверливост, достапност на информации, еднаквост, правичност, ефикасност и економичност.

Постапката на медијација се поведува доброволно со поднесување на барање до избран/и медијатор таа е доброволна постапка односно страните можат да пристапат кон решавање на спорот без оглед на тоа дали за конкретниот спор веќе е поведена судска или друга постапка. За цело време на водење на постапката медијаторот како трета страна во постапката треба да ја обезбеди рамноправноста на страните. [16]

Тоа значи дека страните треба да учествуваат во самиот процес на медијација предлагајќи ги своите ставови и мислења. Тие можат спогодбено да се договорат за начинот на водење на медијацијата и медијаторот е должен да ја спроведе медијацијата на начин кој го смета за најсоодветен и притоа да ги има предвид сите околности на случајот и потребите на странките за брзо решавање на истиот.

За цело време во постапката на медијација медијаторот не зазема позиција и ниту една од страните не ја става во повластена позиција спрема другата страна, тоа значи дека

[16] Закон за медијација- Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 294 од 27.12.2021 година, глава 2, член 6

тој е непристрасен. Постапката на медијација е доверлива и во оваа постапка јавноста е исклуена, таа е постапка во која учествуваas три страни и тоа страните кои имаат спор и медијаторот, страните можат да учествуваат лично или преку нивните застапници или полномошници. Спогодбата која ќе се постигне со медијација е достапна само за страните и медијаторот. Лицата кои учествуваат во постапката не медијација, како и лицата кои извршуваат административни работи за потребите на медијацијата, се должни сите информации, податоци, предлози и изјави во врска со постапката за медијација да ги чуваат како тајна и да одговараат за штетата настаната со повреда на оваа обврска. Постапката за медијација треба да го чува јавниот интерес тоа значи дека спогодбата постигната со медијација не треба да го загрозува националниот интегритет, суверенитет, да биде спротивна на уставот, законите и моралното право.

Се она што е изнесено во постапката за медијација како мислење, став, насока за решавање на спорниот однос, исправа подготвена исклучиво за потребите на постапката за медијација не смее да се користи како доказ во судска или било која друга постапка што ја прави медијацијата строго доверлива. Во постапката за медијација страните имаат еднакви можности за учество, од страна на медијаторот треба да бидат информирани за започнувањето и текот на постапката на јасен и недвосмислен начин и медијаторот е должен да постапува еднакво спрема сите учесници во постапката согласно начелото на еднаквост на страните.[17]

Понатаму, многу е важно медијаторот во постапката на медијација да ги потикнува двете страни подеднакво исто да соработуваат и да обезбедат информации за правично решавање на спорниот однос, одтука постапката на медијација е брза, лесна и ефикасна постапка и страните немаат дополнителни трошоци како што е тоа случај кај судската постапка, што значи медијацијата почива на ефикасност и економичност. Секоја од страните во постапката на медијација има право да ја води медијацијата на јазикот што го зборува, доколку не го знае македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, медијаторот е должен веднаш да обезбеди преведувач, доколку една од страните на медијација е глува медијторот треба да обезбеди и толкувач. Трошоците за присуството на овластениот

[17] Закон за медијација,, Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 294 од 27.12.2021 година, членови 6, 7 и 8

преведувач или толкувач се на товар на страната која има потреба од преведувач или толкувач, освен ако страните не се спогодат поинаку

2.4 Регистер на примени барања за медијација

Во Законот за медијација, постапката за медијација започнува со писмено барање до медијаторот за решавање на спор по пат на медијација. Медијаторот е должен веднаш од кога ќе го прими барањето истото да го внесе во ,,Регистарот за примени барања за медијација", кое се води пред Министерството за правда на Република Северна Македонија. За цело време додека ја води медијацијата тој мора начинот на постапката и крајниот исход да ги внесе во Регистарот. Министерот за правда ги пропишува содржината на Регистарот и начинот на внесување на примените барања за медијација[18].

2.5 Постапка на медијација согласно закон

Барање и покана

Постапката на медијација, се поведува со поднесување на барање до избран медијатор по писмен или електронски пат. Барање за поведување постапка на медијација, може да поднесе секоја страна во спорот, посебно или пак двете страни заедно. Медијаторот до кој е упатено барањето, должен е во рок од три работни дена, сметано од денот на приемот на барањето, да постапи по барањето и да упати покана до спротивната страна.

Поканата за изјаснување за учество во постапка на медијација, медијаторот ја изготвува во писмена форма и ја доставува до страната која подносителот на барањето ја навел како спротивна страна со која е во спорен однос, преку пошта со препорачана пратка и повратен рецепис или по електронски пат.

Доброволната медијација започнува со денот кога спротивната страна ќе ја потпише изјавата за согласност за учество во постапката за медијација.[19]

---

[18]Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, член 16

[19] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, член 17

Кога со закон или со облигационен договор е предвидено започнување на постапка на медијација како услов за водење на судска или друга постапка, постапката за медијација започнува со изјавена согласност на двете страни за започнување постапка за медијација.

Во постапка на медијација, за спорови за кои е веќе започната судска или друга постапка,судот ја прекинува таа постапка со решение ако утврди дека странките постигнале согласност спорот меѓу нив да го решат со медијација.

Страните се должни во рок од три работни дена по приемот на решението за прекин да испратат барање до овластен медијатор. Во прилог на барањето страните го доставуваат решението од судот или друг надлежен орган за прекин на започнатата постапка.

Медијаторот е должен најдоцна во рок од три работни дена сметано од денот на приемот на барањето, да закаже средба помеѓу страните[20].

Доколку страната која поканила друга страна во постапка на медијација не добие одговор во рок од 15 дена од денот на испраќањето на покана од спротивната страна дека ја прифаќа медијацијата се смета дека предлогот за постапка на медијација од спротивната страна не е прифатен.

Страните во постапката учествуваат лично или преку своите застапници или преку своите полномошници, во посебни случаи утврдени со закон или по претходна согласност од страните страните во спорот во постапката учествуваат и други овластени лица Овластените лица ,учествуваат во постапка на медијација во рамки на овластувањата што им се доверени со полномошно од страната учесник[21].

Со поднесување на барање за поведување на постапка за медијација се прекинува секоја застаерност на обврските кои се предмет на постапката. Кога постапката за медијација завршува без постигната спогодба, повторно се воспоставува рокот за застареност.

Медијацијата како постапка ја исклучува секоја друга постапка за решавање на предметнот спор, тоа значи дека страните кои почнале медијација, немаат право истовремено, додека трае постапката на медијација да започнат судска или друга постапка

[20] Ibid

[21] Закон за медијација,, Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 294 од 27.12.2021 година, член 18

или парлелно да водат две постапки на медијација за истото спорно прашање пред друг медијатор. Што ја прави постапката на медијација екслузивна. Доколку постои опасност за осуетување на било кое побарување или неможност за намирување во иднина на било која од страните во постапката за медијција тие можат да поднесат предлог за изрекување на привремени мерки или мерки за обезбедување пред надлежен суд.[22]

Страните спогодбено определуваат дали постапката за медијација ќе ја спроведува еден медијатор или ќе ја спроведуваат повеќе медијатори во постапка на ко- медијација. Доколку медијаторот е во било каков однос со страните во спорот (личен, семеен, деловен) што ќе фрли сомнеж во неговата пристрасност, истиот не може да постапува во постапката за медијација. Исто така неспоиливо е вршењето на медијаторски работи со вршењето на функцијата судија, нотар, извршител или друга јавна функција за време на траење на мандатот.

При извршен избор на медијатор на предлог од која било од страните во спорот, медијаторот е должен за судирот на интереси согласно со закон, веднаш да ги изнесе пред страните околностите што можат да бидат причина за основано сомневање во неговата непристрасност и независност во спорот.

Како обврски кои стојат на страната на медијаторот во постапката на медијација се најпрво да ги запознае страните за начелата на медијацијата, неговата улога, правилата по кои ќе се води медијацијата и трошоците на постапката за медијација.

Страните можат да постигнат писмена согласност за начинот на спроведување на постапката за медијација,во спротивно, медијаторот е должен да ја спроведува медијацијата на начинот што го смета за најсоодветен, земајќи ги предвид предлозите на страните, околностите на случајот и потребата за брзо решавање на спорниот однос.

Медијаторот има обврска предлозите и ставовите на едната страна, со нејзина согласност или на нејзино барање, да и ги пренесе на другата страна.

Медијаторот е должен да ги почитува начелата на медиијацијата, земајќи ги предвид сите околности во спорниот однос, интересите на страните и потребата за брзо решавање на спорниот однос.[23]

---

[22]Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 294 од 27.12.2021 година, член 19

[23]Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 294 од 27.12.2021 година, ,член 19

Страните учесници во постапката на медијација,можат во кое било време во текот на постапката на медијација да изнесуваат свои предлози за спогодбата со која ќе го решат спорот. Медијаторот е должен на секоја страна да и даде можност да се произнесе по предлозите. Секоја од страните може во било кое време ако смета дека тоа е соодветно или ако смета дека постапката за медијација нема да ги задоволи нејзините барања да се откаже од постапката [24].

Постапката на медијација завршува со склучување на писмена спогодба помеѓу страните. Со спогодбата страните можат целосно или делумно да го решат спорот. Законот предвидува и други случаи кога може да заврши постапката на медијација и тоа се:

- Со писмена изјава на медијаторот, а по извршени консултации со страните дека натамошното водење на постапката на медијација не е оправдано на денот на поднесувањето на писмената изјава,
- До доставување на писмена изјава на која било од страните за отстапување од учество во постапката на медијацијата, на денот на поднесувањето на изјавата до медијаторот,
- Со престанување на својството на правното лице,
- Со настапување на смрт на една од страните на спорниот однос,
- Со престанување на својството на медијаторот кој посредувал во постапката,
- Со донесување решение или друг акт со кој на медијаторот му е забрането да извршува медијаторски работи, за време на периодот за кој трае забраната и
- По истекот на 90 дена од денот на започнување на постапката на медијација, без оглед на нејзиниот исход.

Доколку на медијаторот му престанало својството на медијатор во текот на постапката на медијација, страните имаат право по добиеното сознание да изберат друг медијатор кој од почеток ја започнува постапката на медијација за решавање на спорниот однос.

Спогодбата се смета за постигната на денот кога страните постигнале согласност за начинот на решавање на спорот. Спогодбата по давање насоки од страните во писмена

[24] Ibid

форма ја изготвува медијаторот. Ако страните не постигнат спогодба заради несогласување за правните прашања, можат да постигнат писмена согласност за фактичките прашања и истите се сметаат за неспорни во судска или друга постапка[25].

Согласно Законот за медијација спогодбата постигната во медијација задолжително треба да ги содржи следните елементи:

- Ознака и број на предмет
- Датум на започнување и на завршување на медијацијата
- Име и презиме на медијаторот со број на лиценца
- Име и презиме, односно назив на страните учесници и други основни податоци
- Вид и предмет на спорот и вредност на спорот, доколку не е определен
- Права и обврски на секоја од страните учесници, со начин и рок на исполнување на преземените права и обврски
- Потпис на физичко лице, односно потпис и печат на правно лице и потпис и печат на медијаторот.

Кога постапката на медијација се одвивала пред започнување на судската постапка, а страните сакаат на спогодбата да и дадат сила на извршна исправа, содржината на спогодбата, која содржи извршна клаузула ја солемнизира нотар во согласност со закон.

Спогодбата постигната во медијација, може да се солемнизира на целата територија на Република Северна Македонија. Ако постапката на медијација се води по упатување на судот, медијаторот е должен во рок од три работни дена од завршувањето на постапката на медијација да ја изготви спогодбата, а страните треба во рок од осум дена од потпишувањето на спогодбатта истата да ја достават до судот за натамошно постапување. За склучувањето, дејството и престанувањето на спогодбата постигната во постапка на медијација, како и за материјалната одговорност на медијаторот, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Во постапката за медијација секоја страна ги намирува своите тошоци од постапката, а заедничките трошоци се намируваат на еднакви делови, освен ако страните поинаку не се договорат. Заедничките трошоци ја сочинуваат наградата на медијаторот и трошоците за спроведените дејства од медијаторот во постапката не медијација.

[25] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, членови 25 и 26

Доколку е иницирана медијација и во законски предвиден рок за спроведување на постапката, страните го решат спорот, надвор од медијацијата, страната иницијатор е должна да ги плати трошоцците на постапката како за склучена спогодба со посредство на медијаторот. Постапката на медијација може да биде бесплатна за страните во случај кога страните и медијаторот се договорат за тоа или кога тоа е уредено со закон.

За предизвиканите трошоци во постапката за медијација, медијаторот е должен на страните учесници да им издаде писмен трошковник во кој е содржан преглед на сите преземени дејствија од страна на медијаторот и настанатите трошоци најдоцна до завршувањето на постапката на медијација. Трошковникот има својство на јавна исправа. Доколку страната не изврши уплата на средствата од трошковникот што го доставил медијаторот во предвидениот рок, медијаторот има право во рок од седум дена од доставувањето на трошковникот да поднесе предлог до нотар за издавање нотарски платен налог.[26]

Владата на Република Северна Македонија постојано ја подржува и развива медијацијата преку донесување на Програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки за поддршка и развој на медијацијата и финансиски средства за реализација на програмата во која ги опфаќа областите на подобрување на стручните вештини на медијаторите.

Области за подобрување на стручните вештини на медијаторите:

- континуирана едукација на медијаторите,
- навремено информирање,
- контуинирана промоција на европското право од областа на медијацијата,
- соработка со стопанство,
- поддршка на истражувањата на медијаторите
- јакнење на деловната етика,
- воспотавување на меѓународни стандарди за решавање спорови со медијација и друго.

Средствата за спроведување и реализација на Програмата се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија. Судот, нотарот како негов

[26] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 294 од 27.12.2021 година, член 31

повереник, адвокат и орган на државна управа се должни на странките да им укажат на можноста за примена на медијација и да им ги обезбедат потребните информации за постапката на медијација.

2.6 Медијатор во Република Северна Македонија

Согласно Законот за медијација на Република Северна Македонија, во Македонија како медијатор може да се јави секое физичко деловно способно лице кое има лиценца за медијатор. За да се стекне со таа лиценца лицето треба да обучено.[27] Основната обука на медијатори е во времетрање од 70 часа. Обуката на медијатори во специфични области е во времетраење од 32 часа. По спроведената обука лицето полага испит за медијатор. Испитот за медијатор содржи два дела и тоа прв теоретски дел со кој се проверува теоретското знаење на медијаторот кој се полага усно и содржи прашања од областа на знаење за медијацијата (што преставува таа нејзинито психо-социјални елемнети, правни, економски знаења и сл.) кои се методите, техниките на медијацијата како постапка, кои се вештини треба да ги поседува медијаторот за успешно спроведување на постапката, фазите на постапката, комуникациските и другите вештини кои треба да ги поседува медијаторот, начинот на водење на постапката и ткн и втор практичен дел во кој се оценуваат личните карактеристики на медијаторот и се прави целосна слика за профилот на неговата личност[28].

Испитот за медијатор можат да го полагаат лицата кои до Министерството доставиле пријава за полагање испит заедно со:

- Диплома за завршено високо образование VII/I или 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем во Република Северна Македонија или решение за признавање на соодветна високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството на образование и наука.
- Сертификат за завршена основна обука за медијатор според акредитирана програма од ваков вид од најмалку 70 часа на Република Северна Македонија.

[27] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294 од 27.12.2021 година, член 51
[28] Ibid

- Потврда за најмалку три години работно искуство по завршеното високо образование
- Потврда за следени четири или повеќе постапки за медијација пред медијатор, кои се евидентирани во Регистарот. Начинот на проследување на овие постапки се утврдува со акт на Советот за медијација[29]
- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија и
- Спороведен психлошки тест и тест на интегритет издаден од лиценцирано стручно лице.

Кандидатот за кој Министерството утврдило дека ги исполнува сите овие услови, се информира за датумот и за времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб-страницата на Министерството.

Лицето е должно да ги надомести трошоците за полагање на испитот. Од кога ќе го положи испитот Медијатор се запишува во Именикот на медијатори. Во Република Македонија медијаторите кои се запишани во именикот на медијатори и кои се акредитирани за медијаторска работа се организираат во Комора. Улогата на комората е ги штити угледот и честа на медијаторите, се грижи медијацијата да ја спроведуваат согласно со начелата утврдени со овој закон, за почитување на етичките стандарди во работењето и за промоција и унапредување на развојот на медијацијата во Република Северна Македонија Комората има својство на правно лице, и во својата работа делува согласно нејзиниот статут.

Со Статутот на Комората се уредува организацијата и работењето на Комората, видот, составот, начинот на избор и делокругот на органите на Комората.

Органи на комората се собранието, надзорниот одбор, управниот одбор, претседателот и етичкиот совет на коморат

Комората ги врши следните јавни овластувања:

- Водење на Именик на медијаторите
- Издавање уверенија за факти за кои води евиденција
- Утврдување на висината на членарина за членовите на Комората

[29] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, член 52

Ораганизирање и спроведување на континуирани обуки, помагање и учество во стручно усовршување на медијаторите и други субјекти преку Академијата за судии и јавни обвинители. Во вршењето на работите се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

Статутот го донесува Собранието на Комората врз основа на претходна согласност од Министерството. Комората се финансира од сопствени приходи, преку приходи остварени од издавачка дејност и други остварени приходи[30].

Нејзината улога преку нејзините органи е да ја унапредува, промовира и да ја пропагира медијацијата како алтерантивен брз, економичен начин на решавање на споровите, преку нејзините органи да врши контрола на начинот на спроведување на постапката за медијацијата како и контрола врз медијторите и да врши надзор во нивната работа. Таа е одговорна за својата работа пред министерството за правда кое пак има надзор врз работата на кој се однесува на спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството. За вршење на надзорот министерот формира Комисија составена од тројца претставници од редот на државните службеници во Министерството, унапредување на примената на медијацијата, Содржината на записникот и начинот на вршење на надзорот ги пропишува министерот.[31]

Медијаторот во вршењето на своеите медијаторски активности мора да постапува компетентно, совесно и чесно притоа да го чува својот углед и угледот на Комората. Одговорноста за работата на медијаторот тој ја има пред Советот и Етичкиот совет на комората. Медијаторот има дисциплинска одговорност доколку не ги внесе податоците по однос на барањата за медијација поднесени до него во рок од три дена од нивното поднесување. Секој може да поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка против медијаторот до Етичкиот совет.

Етичкиот совет ја води дисциплинската постапка и одлучува по поднесениот предлог од во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на предлогот.Предлогот за поведување на дисциплинска постапка во рок од три дена го доставува на одговор до медијаторот, кој е должен да се произнесе по наводите во предлогот во рок од осум дена

[30] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, член 57

[31] Закон за медијација ,,Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294 од 27.12.2021 година, глава 7 Медијатор, членови 51-62

од приемот на предлогот. Во дисциплинската постапка во која се одлучува за дисциплинската одговорност на медијаторот, Етичкиот совет задолжително го повикува медијаторот против кој се води дисциплинската постапка.

Етичкиот совет може да донесе решение со кое се одбива предлогот за сторна повреда или решение со кое се усвојува предлогот за сторена повреда. Доколку е констатирана повреда од страна на етичкиот совет, на медијаторот кој ја сторил повредата можат да му бидат изречени да му се изречат следните дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна во висина на десеткратен износ на годишната членарина и привремено одземање на лиценцата на медијаторот. Етичкиот совет го изготвува решението за утврдување на дисциплинска одговорност најдоцна во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката и истото во рок од три дена од донесувањето го доставува до медијаторот и Министерството. Решението на Етичкиот совет е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.[32]

2.7 Медијација во граѓански спорови

Најширокаата примена на медијацијата како еден од видовите на алтерантивно решавање на споровите со која се надполнува судската постапка се граѓанските спорови. Под флоскулата граѓански спорови опфатени се семејните, работните, трговските, имотно-правните, осигуретлените, споровите од областа на животната средина и тн.

Најзначаен придонес во развојот на медијацијата имаат измените на Законот за парнична постапка од 2015 година, Законот за парнична постапка предвидува во случај на стопански спор за парично побарување каде што вредноста на предметот на спорот не

[32]Симонида Кацарска, Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, Скопје 2022, страна 17

надминува 1.000.000 денари, а по кои постапката се поведува со тужба пред суд, странките се должни, пред поднесувањето на тужбата, да се обидат спорот да го решат по пат на медијација. При поднесувањето на тужбата, тужителот е должен да приложи писмен доказ, издаден од медијатор, дека обидот за решавање на спорот по пат на медијација останал безуспешен. На ова судот внимава службена должност, тоа значи доколку во тужбата нема да биде приложен доказ од медијатор дека предметот не може да се реши по пат на медијација судот ќе ја отфрли.[33]

Согласно Законот за парнична постапка, во спорови во кои е предвидена односно дозволена медијација, судот е должен заедно со поканата за подготвително рочиште или за главна расправа да треба писмено да им укаже на странките дека спорот може да се реши во постапка за медијација.

Во поканата, судот укажува дека странките треба да се изјаснат за тоа дали се согласни спорот да го решат во постапка за медијација и тоа се прибележува во записникот од подготвителното рочиште/главната расправа.

Медијацијата им заштедува и пари и време на граѓаните и компаниите, избегнувајќи долги и скапи судски спорови, а нуди и доверливост на постапката што е особено корисно за трговските и семејни спорови. Додека во западните земји таа е ефикасен начин за надминување на споровите со постигнување на взаемно прифатливо решение за двете страни, кај нас сеуште е потребно да се работи на нејзина афирмација и промоција.

Медијацијата како познат метод за надминување на споровите е најцивилизираниот израз на демократијата во еден правен систем ова од причина што побрза поефтина и поефикасна е од судската постапка и преставува израз на еволуцијата на едно општетво каде што две инволвирани страни со помош на трета страна седнуваат на иста маса и наоѓаат конкретно задоволувачко решение за сите. Медијацијата мора да се развива и промовира кај нас, ако сакаме таа да биде успешен и функционален модел како во европските земји.

Една од целите на предлог Законот за медијација е приближување кон практиките на земјите членки на Европската Унија, каде во секоја ситуација на разрешување на конфликтни и спорни ситуации, акцентот се става на алтернативното решавање. Во

[33]Симонида Кацарска, Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, Скопје 2022, страна 18

законот се воведува и новина во начинот на полагање на испитот за медијатори пред комисија, што ќе влијае на создавање квалитетен, стручен и обучен кадар.[34]

Во нашата држава се потенцира подготвеноста на сите чинители за промоција на медијацијата од страна на судиите, поголема прифатливост и од адвокатите, поголема свесност кај јавната администрација која ја нотираме во однос на потенцијалот што го нуди медијацијата[35].

Етаблирана медијацијата како ефикасен начин за решавање и надминување на споровите со постигнување на взаемно прифатливо решение за двете страни, се доживува како вин-вин за двете страни.

III. МЕДИЈАЦИЈАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

3.1 Идејата за интегрирана Европа

Идејата за интегрирана Европа, провејува и се развива од поривот да се зачува мирот и стабилноста на континентот Европа. Зачувувањето на мирот и стабилноста е единствено можно, преку воспоставување на политичка организација на европските држави или етаблирање на сложена државна творба- федерација.

Секоја идеја заслужува своја реализација па оддтука се поставува прашањето Како до Обединета Европа?[36]

Обединувањето на Европа започнува по Втората светска војна, кога десет држави се поврзуваат протежирајќи десет круцијални европски вредности и тоа слобода, демократија, владеење на правото, човекови права и права на малцинствата, ова поврзување резултираше со политичка меѓународна организација Совет на Европа.

Но главен и основен двигател на се се парите ,па така веднаш по Советот на Европа, европските држави започнуваат економски да се поврзуваат.

Економското поврзување резултира со:

---

[34]Ibid, страна 51

[35]Симонида Кацарска Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, Скопје 2022 страна 18

[36] Татјана Петрушевска, Вовед во правото на Европската унија, Европската идеја ,европскиот проект обединувањето на Европа, Скопје 2011, страна 48-49

- Европска заедница за јаглен и челик- Во 1951 година со Парискиот договор е втемелена Европската Заедница за Јаглен и челик, како прва меѓународна супранационална организација како тело за координација на производството и потрошувачката на јаглен и челик. Парискиот договор за ЕЗЈЧ беше постигнат помеѓу Франција, Сојузна Република Германија, Италија, Белгија, Холандија и Луксембург.
- Европската екномска заедница (во понатамошниот текст ЕЕЗ) втемелна е со првиот Римски договор а е поттикната од идејата за формирање на зона на слободна трговија, унификација на валутата, внатрешен европски пазар и единствена царинска политика. Со Европската Екоомска Заедница се остварува само единствениот внатрешен пазар во кој функционирале четири слободи а тоа се трансфер на стоки, услуги, луѓе и капитал.
- ЕВРОАТОМ -како идеја за формирање на специјализиран пазар за атомска енергија, формирана со вториот Римски договор.
- Институционалниот склоп на Евопската Зедница за јаглен и челик, Европската економска заедница, Специјализираниот пазар за атомска енергија, беше составен од четири централни институции[37]:

1. Висока управа
2. Совет на министри
3. Заедничко собрание
4. Суд на правдата

Ова беа профилираните четири институции на Европската заедница за јаглен и челик, кој подоцна со договорот за фузирање станаа органи на трите европски заедници.

Како до денешната Европска Унија

По Римските договори, европското интегрирање стагнираше три цели децении по кои се донесоа:

1. Единствениот европски акт
2. Договорот од Мастрихт (Договор за Европска Унија)
3. Договорот од Амстердам
4. Договорот од Ница
5. Уставен договор
6. Договорот од Лисабон

[37] Ibid, страна 50-51

1. Единствениот европски акт, стипулираше воспоставување на единствен европски пазар и втемелување на Европската политичка соработка, како темел за изградба на заедничка надворешна и безбедносна политика на подоцнежната унија. Во контекст на ова државите-членки се обврзаа на заеднички надворешни акции, обезбедувајќи конзистентност. Демонстрација на блиска соработка во полето на безбедноста меѓу Заедницата и Атланската Алијанса како и координирање на односите на Европската Заедница и Северно -атланска договорна организација со другите земји и дефинирање на нивниот заеднички меѓународен настап.

2. Договорот за Европската Унија (Мастришки договор) стипулираше; преименување на Европската заедница во Европска Унија, етаблирње на тристолбната структура[38]

1. СТОЛБ (столбот на европските заедници каде што Европската Унија доби свои надлежности во определни области)

2. СТОЛБ (столб на заедничката надворешна и безбедносна политика на Еевропската Унија)

3. СТОЛБ (столб на правда и внатрешни работи)

Овој договор донесе имплементација на Заедничка надворешна и беззбедносна политика и формирање на заедничка одбранбена политика со цел јакнење на мирот, безбедноста, интегритетот и просперитетот на европскиот континент. Како ексклузивен креатор на заедничките позиции за заедничката надворешна и безбедносна политика се појави Европскиот Совет. Унијата ќе настојува да обезбеди конзистентност во меѓународните односи, безбедноста ,екномијата и развојните политики за кои надлежни се Советот и Комисијата. Договорот од Мастрихт дефинираше неколку цели и тоа: заштита на заедничките вредности, јакнење на безбедноста, зачувување на мирот ,промоција на меѓународната соработка , консолидација на демократијата и владеењето на правото како и сестрано почитување на човековите слободи и права, овие цели ќе се постигнат преку максимално почитување на два принципи лојалност и солидарност.

[38] Ibid , страна 60

3. Договорот од Амстердам,стипулираше: нови принципи и одговорности во полето на Заедничка надворешна и безбедносна политика , со овој договор Унијата презеде одговорност за[39]:

-дефинирање на општите принципи на заедничката надворевна и безбеднсна политика

-одлучување за заеднички стратегии

-усвојување на заеднички позиции и јакнење на соработката.

Со договорот од Амстердам се предвиде и институтот Конструктивна апстиненција, со кој на државите-членки им се даде право да апстинираат од креирањето на заеднички акции, но да не го попречуваат генерирањето на заедничката надворешна и безбедносна политика. Со договорот беше предвиден и институтот заедничка стратегија врз основа на:

-географски критериум

-содржински критериум

Според кој заедничките стратегии ги утврдуваа Европскиот совет на предлог на Советот на министри, за кои државите-членки имаат заеднички интереси. Со договорот беше инсталирана и институцијата Висок претставник за заедничката надворешна и безбедносна политика.

4. Договорот од Ница стипулираше: Овој договор целосно го ревидира и замени договорот од Амстердам по однос на четири релевантни прашања и тоа[40]:

-големина и состав на Европската Комисија

-вреднување на гласови во Советот

-замена на консензусот со квалификувано мнозинство

-ревидирање на процесот на донесување на одлуки и јакнење на политичката соработка, како предуслов за создавање на политичка унија.

Договорот од Ница беше трасирање на патот за да се склучи договор за имплементација на Европскиот устав.

[39] Горан Илиќ, Европа на крстопат, Договорот од Амстердам, Битола 2009, страна 82
[40] Ibid, страна 84

5. Уставен договор- Уставниот договор стипулираше: трансформација на унијата во подемократска, потранспарентна и поефикасна во својата работа , за да го постигне тоа таа треба да се соочи со три предизвици[41]:

-приближување на младите до европските институции

-организација на политиката во проширената Унија

-разгледување на сите можности Унијата да прерасне во фактор на стабилност

Доколку ги апсоллвираше овие предизвици Унијата ќе прераснеше во политичка Унија односно федерација par excelance. Својата федеративност Унијата требаше да ја добие преку институционална реформа, во таа насока со овој договор се промовираше значајна новина а тоа е институцијата Министер за надворешни работи на ЕУ, кој ќе биде носител и репрезент на европската единственост и солидарност во меѓународните односи како и главен креатор на Заедничка Надворешна и Безбедносна Политика. Европскиот устав беше отфрлен од граѓаните на Франција и Холандија па идејата за федерализирање на Унијата пропадна. Европската Унија влезе во постуставна криза па неминовна беше нејзина длабока трансформација.

6. Договорот од Лисабон- Се склучи на 13.12.2007 година, со цел да се надмине постуставната криза. Политички овој договор стипулираше профилирање на Европската Унија во политичка унија со единствен сопствен препознатлив надворешно-политички идентитет различен и спротивен од оној на останатите глобални играчи (Соединетите Американски Држави, Кина, Русија, Бразил, Индија)[42].

Овој договор ги фузираше трите столба од Договорот од Мастрихт и ја постави денешната институционална рамка на Европската Унија. Институционалната рамка ја сочинуваат:

1. Европски Парламент
2. Европски совет
3. Совет на Европската Унија
4. Европска Комисија
5. Суд на Правдата на Европската Унија
6. Суд на Ревизори

[41] Горан Илиќ,Европа на крстопат, Европски Устав, Битола 2009, страна 86
[42] Ibid, страна 95

7. Европска Централна Банка

Исто така се воведе и институцијата Претседател на Европскиот совет и Висок претставник на Европската Унија за заедничка надворешна и безбедносна политика.

Договорот од Лисабон придонесе да се вмрежат надворешно-политичките капацитети, обезбеди прогрес во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика и конструирање на единствен правен субјективитет на Европската Унија.

Договорот од Лисабон ја етаблираше и вредносната рамка на Европската Унија која ја сочинуваат фундаментални вредности како:

-демократија

-човекови слободи и права

-социјална правда

-одбивност кон национализмот и милитаризмот

Договорот од Лисабон ја стимулираше и Перманентната структурна соработка, со една единствена цел во насока на остварување на мисијата на Европската Унија, а тоа е воведување на светот во новиот мултиполарен светски поредок.

Правен систем на Европската Унија[43]

Правниот систем на Унијата има две фундаментални карактеристики и тоа

Автономија[44]- потврдена од страна на Судот на Првдата,таа има неколку аспекти и тоа:

1. Автонимија на изворите на правото на Европската Унија[45]
2. Автономија на поимите за право на Европската Унија кои не зависат од квалификациите признаени од ноционалните права
3. Автономија на правното регулирање на споровите преку функционирање на Судот на правдата и Општиот Суд, судии кои утврдуваат надлежност за спорот,судии со доделени овластувања
4. Автономија на нормите на Европската Унија кои не можат да бидат отфрлени со правилата на внатрешното право во државите .

[43] Горан Илиќ, Правен систем и извори на правото на европската унија, Вовед во Правото на Европската унија , Битола 2011, страна 20
[44] Ibid, страна 21 и 22
[45] Ibid, страна 68 и страна 22

Правен поредок интегриран во правниот систем на државите членки,карактер потврден од Судот на правдата,прифатен од речиси сите внатре-државни правни системи.Ваквата интеграција и самата добива повеќе аспекти,односно

1. Субјекти на правото на Европската Унија не се само државите-членки туку и поединци
2. Националните органи,вклучувајќи ги тука и внатрешните судови ,ги применуваат правилата на правото на Европската Унија без да се исклучи можноста за оспорување на униформноста и единството на регулативите на Европската Унија.

Интеграцијата се врзува со структурата на правниот но,тоа имплицира,според една од последните анализи,прифаќање од страни на внатредржавните и засегнати правни системи.

- Извори на правото:

1. Пишани извори или примарното право и секундарното право
2. Генерални принципи на правото и непишаните извори,кои практикуваат од страна на судиите
3. Конвенционалните извори (меѓународни договори),кои имаат повисока од онаа на секунадрното право.
4. Дополнителни или комплементарни извори

Секундарно право-директен и индиректен ефект[4647]

Секундарното право ќи опфаќа едностарните правни акти ,усвоени од страна на институциите на Европската Унија во смисла на надлежноста за примена на договорите. Инаку,како унилателарни акти од аспект на правниот развој на Унијата би можеле да се спомнат следните:

- Регулативи
- Директиви,
- Решенија,
- Препораки и мислења

[46] Горан Илиќ, Правен систем и извори на правото на европската унија ,Вовед во Правото на Европската унија Битола, 2011, страна 69

Од најголемо значење за да се објасни директниот и индиректниот ефект на правните акти имаат директивите.

Директивата ги поврзува државата или државите на кои е насочена.Таа е насочена кон утврдувањето на целите кои треба да се постигнат,се работи за обврзувачки акт кој стапува на сила на денот кога е донесен,но е некомплетен,бидејки му се потребни национални нормативни акти за да се постигне неговото исполнување,за што се утврдени и конкретни рокови.Сето тоа се нарекува транспозиција на директивата.

Транспозиција на директивата[48] е обврска на државите да посегнат по најпогодните инструменти,со цел да се измени создаде или имплицира националното право во функција на директивата, поинаку кажано транспозицијата е можност да се имплемнтира директивата според желбата на државата членка,со цел да се постигнат целите од директивата и од неа да се направи инструмент идеално адаптиран на системот на Европската Унија.

3.2 Медијацијата во Европската Унија - директивата 52/2008 како столб на медијацијата во унијата

Откога ги изгладија односите во однос на тоа што треба да содржи конечно на 21.05.2008 година државите членки ја донесоја директивата за медијација.

Европскиот парламент и советот имајќи го предвид договорот за основање на Европската Унија[49], поставија јасна цел да се развива и одржува безбедноста, слободата и правдата , внатрешниот пазар на Европската Унија и можноста за слободен трансфер на улуги луѓе и капитал на територијата на Европската Унија за таа цел се наметна потребата да мора да се усвојат заеднички мерки мерки во областа на правосудната соработка во граѓанските спорови и трговските односи која е од круцијално значење за функционирањето на внатрешниот пазар.[50]

---

[49] Во понатамошниот текст ЕУ

[50] Directive 2008/52/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters, Достапно на https://www.legislation.gov.uk/ (последен пристап на 25.03.2024)

Тоа резултаираше Советот на својот состанок во Тампера на 15 и 16 октомври 1999 година да ги повика членките да воведат алтернативни вонсудски постапки за решавање на спорот од граѓанско правна природа.

Во мај 2000 година советот донесе заклучоци за алтеранативен начин на решавање на споровите во граѓанските предмети со кој значително ќе се подобри пристапот кон правичноста.

Во април 2002 година Комисијата ја престави својата подготвеност државите членки да пристапат кон усвојување на директива со која медијацијата ќе се промовира како начин на алтеранативно решавање на споровите.

Оваа директива требаше да даде свој придонес во фукнкционирањето на внатрешниот пазар особено кога станува збор за достапност на медијацијата. Медијацијата треба да обезбеди рентабилно и брзо решавање на споровите во граѓанско-правните прашање и трговските односи преку процес прилагоден на потребите на странките.

Поголема е веројатноста дека повеќе ќе се почитуваат спогодбите постигнати по пат на медијација и ќе се задржи пријателскиот однос помеѓу инволвираните страни.

Тие бенифити стануваат уште поважни кога станува збор за решавање на спор помеѓу два субјекти од две различни држави кои колорираат на внатрешниот пазар на унијата.

За да се промовира користењето на медијацијата мораше на странките да им се обезбеди единствена законска рамка која ќе ја понуди сигурноста со успешна медијација.

Одредбите од оваа директива се однесуваат само на медијација помеѓу субјкети кој во себе содржат таков прекугранично елемент, но не ги спречува државите членки да ги користат нејзините одредби и во внатрешните процеси на медијација.

Оваа директива треба да се применува на процеси во кои двете или повеќе страни во прекугранично спор пробуваат сами на доброволна оснва да постигнат пријателска спогодба за решавање на спорот помеѓу нив со помош на медијатор[51].

[51] Directive 2008/52/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters, достапно на https://www.legislation.gov.uk/ (последен пристап на 25.03.2024)

Изречно е наведено во директивата дека таа не може да се применува во преговори пред потпишување на договор или во процеси кои имаат судска природа како што се работните односи или процеси кои ги водат формални органи.[52]

Оваа директива остави простор државите членки да ја применат и таму каде што судот ги упатува страните спорот да го решат по пат на медијација.

Медијацијата како процес предвиден со директивата се однесуа на доброволен процес кој странките можат да го започнат кога сакаат и да го прекинат кога сакаат.

Целта на оваа директива е да се олесни пристапот на алтерантивно решавање на споровите и да се промовира мирното решавање на споровите, преку користењето на медијацијата и да се обезбеди рамнотежа медијацијата и судска постапка.

оваа директива се применува за решавање на спор од меѓугранична природа од граѓанска и трговска природа, освен кога станува збор за права и обврски со кој страните не располагаат по релевантно надлежното право.Оваа директива не се применува за прашања поврзани за приходите, цариниte или прашања под управна приода или на одговорноста на државите во вршењето на државни овластувања (акта јуре имеперииѐ) Во оваа директива под флоскулата „држава членка„ се опфатени државите членки на Европската Унија со исклучок на Данска.[53]

Дефиницијата на прекугранично спор, тоа е спор во кој една од страните има домицил или привремено престојувалиште односно седиште во држава членка на Европската Унија а тоа да не е државата на другата инволвирана страна и тоа на денот кога се сосгласни да користат медијација, медијацијата е наложена од судот и према домашното право мора да се користи медијација.

Значење, во овој контекст медијацијта е структуиран процес две страни во спор пробуваат сами доброволно да постигнат решение на предметниот спор, со помош на трета страна медијатор. Медијатор во оваа смисла е трето лице од кое е побарано да спроведе медијација на делотворен, непристрасен и стручен начин.

Директивата упатува на неколку клулни принципи врз кој таа почива како што се квалитет, користење,доверливост, јавност, ревизија, обврзување кон спогодбата и ткн.

---

[52] Ibid

[53] Directive 2008/52/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters, достапно на https://www.legislation.gov.uk/ (последен пристап на 25.03.2024)

Квалитет- државите членки мора да го потикнуваат процесот на медијација со сите средства кои им се чинат за соодветни како и да обезбедат делотворен механизам за создавање на доброволен кодекс на постапување на медијаторите и контрола и квалитет на процесот на медијација.Како и да потикнува иницијална и континуирана обука на медијаторите со цел да се оезбеди делотворна и непристрасна медијација за инволвираните страни.

Користење- судот на кој му е пердадена предметната тужба може по свое наоѓање да ги повика страните да користат медијација, како би дошло до решавање на предметниот спор. Оваа директива не го доведува во прашање домашното законодавство со кој процесот на медијација е задолжителен или кога е пропишано дека пред почеток на судскиот процес задолжителен е обид за медијација.[54]

Извршност на спогодбата постигната со медијацијата- Државите членки мора да обезбдат за сите страни или за една од нив со изречна согласност од другата страна спогодбата постигната со медијација да биде извршна, освен ако таа постигната спогодба не е во спротивност на некој закон. Во тој контекст тоа значи дека државите членки треба да обезбедат судот или друг надлежен орган да ја направи спогодбата извршна.

Доверливост- Намерата на медијација е да се обезбеди процес на доверливост. Тоа значи дека сите факти, документи, сознанија и околности кои ќе ги изнесат странките во процесот неможат да бидат употребени како доказ пред суд ниту медијатор може да биде сослушан како сведок на околноста за која бил повикан да се јави како медијатор.Од ова има исклучок тоа го налага безбедноста, суверенитетот и интегритетот на државата.

Влијанието на медијацијата на рокот-Државите членки во овој контекст треба да обезбедат можност страните кои се одлучиле предметното спорно прашање да го решат по пат на медијација подоцна да не моѓат да покренат судска постапка за тоа спорно прашање поради застареност или преклузија на рокот, ова не се однесува на договори помеѓу државите членки.

Јавност-Државите членки треба да обезбедат механизми и средства со кои ќе ја направат услугата за медијацијата подостапна за сите.Државите членки треба да обезбедат

[54]Ibid

Комисијата да има увид во тоа кој ќе биде надлежен суд или орган во врска со прашањата поврзани со медијацијата.[55]

Ревизија-најдоцна до 21.05.2016 година Европската комисија мораше на Европскиот Парламент, Советот и економско-социјалниот совет да му поднесе извештај за примената на оваа директива, со извештај за тоа како се применува и развива медијацијата на територијата на унијата и како таа влијае врз државите членки.

Имплементација- Државите членки имаа обврска со 21.05.2011 година да донесат закони и прописи и управни одредби потребни за имплеменатција на оваа директива во правните механизми на државите.Државите членки имаа обврска да достават до Комисијата закони и главни одредби кои ги имаат усвоено во областа покриена со директивата. Оваа директива стапува во сила во рок на дваесетиот ден од денот на нејзиното објавување во службено гласило на Унијата.[56]

3.3 Италија како најголем медијатор во Европската Унија

Неможе да се тврди дека постои долга и успешна традиција, во врска со практиката на медијација во Италија од една страна а од друга страна Италија од сите држави на Европската Унија има решено најмногу спорни прашања по пат на медијација.

Во судскиот систем на Италија адхок арбитражата се јавуваше како алтернатива наспроти традиционалниот метод на решавање на спорот, но таа се применуваше само во стопански спорови и главно се однесување на спорови од спорови од економско-правна природа.

Кодексот на граѓанската постапка во Италија му дозволува на судијата во спорови од областа на трудот пред да се впушти во расправање на правното прашање да го испита случајот и да предложи медијација која всушност значи претходен обид да се поттикне вонсудско посредување пред да се изведе случајот пред суд.

[55] Ibid, страна 76

[56] Directive 2008/52/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters, достапно на https://www.legislation.gov.uk/(последен пристап на 26.03.2024)

Иако оваа генерална одредба стоела во кодексот за граѓанска постапка сепак процесот на медијација не се одвивал во судовите туку пред органите на управата и го промовирал решавањето само на предмети од трудовото право.[57]

Она што навистина недостасуваше во Италија е развојот и ширењето на практики на медијација надвор од прописното законодавство соодветно сфатени како струтуирани процеси при што две или повеќе страни во спорот се обедуваат сами на доброволна основа, да постигнат, договор, договор за решавање на нивниот спор со помош на непристрасни и компетентни посредници.

Во Италија немаше недостиг од доктринарни размислувања и дебата помеѓу правните практичари за промоција на упоребата на медијацијата како начин на решавање на споровите.

Со реформата спроведена со законот број 183 од 04.11.2010 година медијацијата почна да се промовира како обид да се постигне пријателски договор за решавање на спорови од било која граѓанско правна природа, па така успешно преку пат на медијација почнале да се решаваат спорови кои се однесувале помеѓу банките инвеститорите и финансиските друштва. Исто така стопанските комори во Италија почнале да ја користат медијацијата како едноставен брз и ефтивен метод за алтернативно решавање на споровите[58].

Обид за воведување задолжителна медијација преку законодавната уредба број 28 од 04.03.2010 година законодавството во Италија го промовираше воведувањето на задолжителна медијација. Ова од причина што постапките пред Италијанските судови траеа и по неколку години и ваквата должина на постапките во Италија беше остро искритикувана од Европскиот суд за човекови права и беше окарактеризирана како нарушување на правото на поединецот да добие правда во разумен рок. Законодавната уредба број 28/2010 издадена од Владата за спроведување на одредба содржана во член 60 од законот број 69/2009 беше корисна за да се транспорнира европската директива 52-2008 за да се поедностави и подобри пристапот до правда.

[57] Giuliana Romualdi , Problem-Solving Justice and Alternative Dispute Resolution in the Italian Legal Context, Bologna January 2019, страна 53 и страна 54

[58] Ibid

Целта беше да се воспостави задолжителен процес на медијација кој во Италијанското законодавство е хибриден. Од една страна постојат одредби во законот кој од медијаторот не бараат да поседува правна експертиза и други одредби кои го наведуваат сосема спротивното дека тој треба да поседува конкретна правна експертиза. [59] Во законот е предвидено назначениот посредник во текот на постапката да биде придружуван од помошни посредници кои што ќе го надополнат неговиот недостаток на специфични техники и вештини. Во текот на постапката медијаторот може да повика технички консултанти кои се запишани во регистри кои се водат во судовите но најзначајна е одредбата со која законот во Италија го овластува медијаторот да даде предлог за медијација. Ова всушност претставува иницијалната разлика помеѓу медијаторот во Италија и медијаторот во било која друга држава.[60]

Посредникот во овој контекст може да го даде својот предлог за медијација односно нацрт спогодбата по своја сопствена иницијатива или на барање на страните дури кога и другата страна не учествувала во процесот на медијација.

Што значи дека италијанскиот модел на медијација му дава на медијаторот адјутикативна функција која е многу поразлична од евалуативната функција што значи дека италијанскиот медијатор се однесува како судија во постапката.

Исто така на некој начин преку оваа улога на медијаторот му се дава процесот на медијација најчесто да не биде чисто пријателски договор за решавање на спорот туку да биде задолжителен предлогот кој што ќе го даде медијаторот да се прифати по секоја цена дури се предвидени и казнени одредби и механизми на принуда за да се обезбеди учество на странките во постапката и решавање на спорот.

Ова дотолку повеќе што Италијанскот модел на медијација преку улогата должностите и функцијата на медијаторот му дава на ,,медијаторот,, судски да го реши спорот туку и страната која што ќе изгуби на некој начин да ги намири сите парнични трошоци како постапката да се водела пред суд.

---

[59] Giovani Matteucii Italy, The country where everythibg ends in court. New rules on mediation, Bologna, August 2014, страна 65

[60] Ibid, страна 182

Во реалноста италијанскиот закон фавогириза авторитативен модел на посредување карактеризиран од страна на овластувањата за иницијатива што му се препишуваат на посредникот и механизмите за извршување, дизајниран да ги поттикне странките да учествуваат во постапката и да го прифатат предлог помирувањето од страна на медијаторот.

Ова наиде на низа на нелегитимност од страна на Уставниот суд во Италија но сепак овој модел на медијација беше отфрлен и повторно воведен со уредба закон број 69 од 21.06.2013 година претворен во закон број 98 од 09.08.2013 година каде што Италијанската Влада се покажа дека е многу тврдоглава во спроведувањето на модел на задолжителна медијација каде што медијацијата се промовираше се дефинираше како спогодбен договор за решавање на спор. И дека доколку не успее процесот на медијација постапката околу спорното прашање може да се решава на суд. Со овој закон се намали и времетраењето на медијацијата но не се смени улогата на медијаторот во истата со што се наметна дека покрај потпис на странките на спогодбата и потпис на медијаторот на постигнатиот договор треба да стои и потпис на адвокатите на странките кои што се јавиле како полномошници во текот на постапката.[61]

Постапката на медијација во Италија е ефикасна, ефективна и почива врз правила на доверливост, тоа значи дека секој факт, секоја изјава, секоја информација добиена во текот на постапката неможе да биде изнесена на другата страна доколку посредникот не добил изрична согласност тоа да го изнесе. Доколку се појави потреба ваквите изјави и информации во текот на постапката за медијација да бидат изнесени како докази пред суд или друг орган тоа е невозможно да се случи бидејќи италијанскиот законодавец за таа цел усвоил многу широк и апсолутен концепт на доврливост на постапката за медијација без ограничувања. Не треба да се игнорира фактот дека правилата за доверливост се универзални и се една од најзначајните карактеристики на медијацијата.

Иако Европската директива смета дека доверливоста на медијацијата треба да се остави настрана кога се работи за прашања од безбедноста, суверенитетот, интегритетот на државата за интерес на децата или прашања од јавен интерес од кривично правна природа или кога треба да се спречи повреда на психичкиот и физичкиот интегритет на личноста италијанскиот законодавец ни во овие случаи нема да ја исклучи доверливоста.

[61] Guzepe Conte, Italian way of mediation, Bologna 2014, page 185

Во 2010 година задолжителното граѓанско и комерцијално посредување беше воведено во современиот италијански правен систем, 11 години подоцна во 2022 година имаше 2,482.755 нови постапки поднесни во граѓански судови; 155.122 постапки за граѓанско посредување 23.268 договори за порамнување со посредство.[62]

Во периодот од 2011-2022 година има, намалување на граѓанските судски спорови (- 5%-годишно), силно зголемување на постапките за медијација (плус 14% годишно) и силно зголемување на договорите за порамнување со посредство (плус 12 % годиишно).

Според Европскиот парламент Италија користи медијација со стапка 6 пати повисока од остатокот на Европа. Иако италијанците ја сакаат традицијата и премногу не ги ценат иновациите сепак се одлучуваат за постапка на задолжителна медијација при решавање на нивните спорни прашања избирајќи медијатори кои за да станат медијатори потребно е да имаат завршено 50 часовен курс за обука да биде акредитиран од Министерсството за правда што ја прави Италијанската медијација многу поблиска до Македонската. Разликата во постапката на медијација во Италија е тоа што медијаторот покрај што може да ја дефинира предлог спогодбата може да побара во текот на постапката и технички консултант. Постапката за медијација започнува на начин што доколку една страна сака да започне со посредување поднесува апликација до давател на медијација лоциран во истата област како и надлежниот суд кој може да одлучи по прашањето.[63]

Органот за посредување го назначува медијаторот според неговата стручност и искусност. Давателот на медијацијата односно медијаторот ја поканува другата страна спорот да се реши по пат на медијација, другата страна може да ја прифати или да не ја прифати поканата. Доколку другата страна ја прифати поканата медијаторот го закажува првиот состанок најдоцна 30 дена по поднесувањето на барањето за медијација. Постапката е неформална флексибилна и доверлива и не смее да трае подолго од три месеци освен ако страните и посредникот не се договорат поинаку.

Има прва информативна средба на која медијаторот ги објаснува главните карактеристики на постапката и ги прашува странките дали сакаат да започнат со

[62]Ibid, страна 83

[63] Guzepe Conte, Italian way of mediation, Bologna 2014, page 186

медијација, доколку се одлучат за медијација започнува доброволното посредување, секоја страна во спорот мора да има помош од адвокат.

Доколку страните не се договорат договор може да биде предложен од страна на посредникот по негова иницијатива, медијаторот го доставува текстот на договорот до Секретаријатот на давателот на медијацијата страните можат да го одбијат предложениот договор во рок од 7 дена доколку постигнат договор се информира судот за тој да стане извршен.За цело време на постапката медијаторот води Записник.

3.4 Медијацијата во земјите од Западен Балкан

Со флоскулата Западен Балкан се опфатени новосоздадените држави на територијата на поранешна Југославија (со исклучок на Словенија).[64]

Односите на релација Западен Балкан- Европска Унија датираат од 1967 година, кога тогашна СФРЈ ја признала Европската Економска Заедница и притоа уживала статус на привилигиран сосед на заедниците. Односите Европската економска заедница-Соцјалистчка Федерална Република Југославија, биле крунисани со три спогодби и тоа:

-првата трговска спогодба во (1971) година

-втората трговска спогодба (1973)

-спогодбата за соработка во (1983)

Крвавиот распад на Југославија, придонесува таа да биде оставена сама на себе, односно да биде меѓународно сираче. Европската Унија се ширела кон Средна и Источна Европа, а целосно до 1996 година заборавила на Југоисточна Европа.

По препорака на Европскиот Совет и Европската Комисија, Советот на Европската Унија започнал да ги фундира клучните начела врз кои ќе се заснова договорениот однос меѓу Европската Унија и Југоисточна Европа.

Бил прифатен регионалниот приод, како рамка за развиток на односите и соработката со Југоисточна Европа.

---

[64] Татјана .Петрушевска, Проширувањето со државите од Западен Балкан, Вовед во правото на Европската Унија, Скопје 2011, страна 222

На средината 1999 година по крајот на Косовската војна, регионалниот приод бил трансформиран во процес на Стабилизација и асоцијација на Југоисточна Европа, со протежирање на политиката на условеност на земјите од Западен Балкан.[65]

Оваа политика била перцепирана како процес на сериозно отворање на Европската Унија кон Западен Балкан, пропратено со стимулации за политичко-економски развиток на регионот.

Од државите било побарано да извршат сериозни транформации и реформации на политичко-економскиот поредок и да ја унапредат регионалната соработка, а Европската Унија се јавува како тутор во патот на реализација на напредокот на секоја држава одделно (ова е основен критериум за членство).

Секоја држава од мртвата Југославија, покрај етаблираните копенхагенски и мадридски критериуми се соочила со специјализирани услови и тоа[66]:

-Република Хрватска, како посебен услов за неа бил, исполнување на обврските преземни со Едрујските спогодби и со Дејтонскиот мировен договор, соработка со Хашкиот трибунал (екстрадиција на Анте Готовина).

-Република Босна и Херцеговина, во однос на Босна и Хереговинс таа се соочила со исполнување на обврските од Дејтон, почитување на мирот етаблиран со договорот, соработка со Хашкиот трибунал и враќање на раселените лица.

-Република Македонија и Албанија , посебни критериуми освен за регионална соработка за овие две држави немало, бидејќи тие биле надвор од војната, но сепак имале внатрешни проблеми.

Но по конфликтот во Република Македонија во 2001, завршен со рамковниот договор, неговата имплементација се јавува како преоритет на патот за интегрирање

-Република Србија листата на посебни услови е најдолга за Србија, Зошто?[67]

Затоа што, таа учествуваше во војната во Босна и Херцеговина и војната за Косово. Како посебни услови за неа се наведени :

-реализација на обврските од Дејтонскиот мировен договор

-негување на мирот со Босна и Херцеговина

---

[65] Ibid, страна 86

[66] Татајна Петрушевска, Проширувањето со државите од Западен Балкан, Вовед во правото на Европската Унија, Скопје 2011, страна 223

[67] Ibid, страна 88

-враќање на бегалците и раселените лица

-соработка со Хашкиот трибунал (предавање на Ратко Младиќ и Радован Караџиќ)

-перманентен дијалог на релација Белград- Приштина за редефинирање на статусот на Косово

-мирно разделување на Република Црна Гора како самостојна и независна.

Процесот на стабилизација и асоцијација го сочинувале неколку елементи на финансиски инструменти и тоа:

-Договори за стабилизирање и асоцирање како рамка за унапредување на односите Европска Унија- Западен Балкан.

-Градење на мрежа од економски и трговски односи

-Финансиска помош и поддршка за националните буџети

-Градење на цивилно општество

-Соработка во областа на правосудството и внатрешните работи

-Развивање на постојан, интензивен политички дијалог

Како инструмент за Западен Балкан биле предвидени[68]:

-програмата помош на зедниците за обнова, развој и стабилизација, инсталирана во декмври 2000 година за користење на финансиите преку следење на целите на процесот за стабилизација и асоцијација.

-европските партнерства, како правно регулиран евроинтеграциски поттик за продлабочената регионална соработка и развој на Западен Балкан во целина и на секоја држава одделно, со цел давање максимална поддршка на напорите за преближување кон Европската Унија.

-Инструмент за предпристапа помош , најнов Инструмент за предпристапна помош воспоставен со регулатива на Советот на Европската Унија од 17.07.2006 ,како замена на Програма за помош на зедниците за обнова, развој и стабилизација и Инструмент за структурна политика за претпристапување.

Суштината за интегрирање на Западен Балкан во Евроска Унија- структурите се копенхагенските и мадридските критериуми и дефинираните критериуми за секоја држава

[68] Татјана .Петрушевска, Проширувањето со државите од Западен Балкан, Вовед во правото на Европската Унија, Скопје 2011, страна 231

одделно кои државите ги имаат дел исполнето и дел останува да бидат исполнети и крунисани со успешно интегрирање.

Во креирањето на дополнителни критериуми за членство, Европската Унија е водена од еден порив, зачувување на мирот и стабилноста на територијата на Западен Балкан како регион на антагонизам, мултикултурализам и нетрпеливост.

3.5. Медијацијата во Бугарија

Во Бугарија медијацијата е постапка која има за цел решавање на споровите и управување со конфликти, која им помага на спорните страни да постигнат заемно прифатливи решенија.[69]

Постапката на медијација се спроведува преку медијаторите, кои се професионалци кои ја разбираат природата на спорот кој се појавил и кои применуваат одредени професионални техники за управување со него со цел да се избегне продлабочување на конфликтот меѓу страните, кој па од друга страна се карактеризира со сложени социјални, економски културни , политички, идеолошки или психолошки аспекти.

Бугарија во последните децении е сведок на појавата на ширење на нови пристапи кон решавање на спорови со различен интензитет, обединети под општото име „алтернативни (вонсудски) методи за решавање на спорови".

Тие се дефинирани како збир на техники за решавање на разни спорови со избегнување на конвенционалните судски постапки. Сватена како техника и метода во бугарскот правен сиситем медијацијата е ориентација кон решавање на спорно прашање со директно учество на страните во спорот кои заеднички или со помош на неутрална трета страна да најдат заемно прифатливо решение.[70]

Концептот на посредување е воспоставен во бугарската правна терминологија преку Законот за медијација, но доби своја акредитација уште пред неа, тоа подразбира дека медијацијата е алатка за вонсудско решавање на споровите. Во првата глава од

[69] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 13

[70] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Валя Станкова, Биляна Гяурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 14

законот децидно е наведено дека како алтерантива медијацијата наоѓа примена како и во спорните правни прашања така и во решавање и на спорни прашања кои немаат правен карактер. Со ова е зацртано исклучително широкото поле за примена на Законот.

Во член 2 од Законот за медијација на Бугарија медијацијата е дефинирана како „доброволна и доверлива постапка за вонсудско решавање на спорови во кое трето лице-посредник им помага на спорните страни да постигнат договор“. Во оваа форма дефиницијата ја репродуцира широко прифатената суштина на медијацијата, во која како клучни принципи се доброволноста и доверливоста.

Во бугарското законодавство медијацијата е дефинирана како доброволна и доверлива постапка за вонсудско решавање на споровите, при што посредник трета страна им помага на спорните страни да постигнат спогодба.

Во законот за медијација предмет на медијација можат да бидат граѓански трговски работни семејни и управни спорови, спорови поврзани со правата на потрошувачите спорови меѓу физички или правни лица вклучително и прекугранични спорови.

Посебно внимание заслужува дополнувањето на законот и неговото усогласување со директивата 52/2008 за одредени аспекти на медијацијата, со оглед да е Бугарија членка на Европската Унија, која експресно ја препознава улогата на медијацијата за да се обезбеди економично и брзо вонсудско решавање на граѓански и трговски спорови преку процедури прилагодени на потребите на странките за да се обезбеди избалансиран однос меѓу медијацијата и судската постапка.

Без оглед на некои ограничувања во правната рамка, општите карактеристики на медијацијата ги откриваат нејзинито бројни предности во однос на парницата. Од прагматична гледна точка, краткотрајноста на постапката за медијација е особено важна. Постапката за медијација е брза и со тоа се заштетува време, што е од особено значење за современиот деловен човек.

Во контекст на ова оди членот 15 став 1 точка 6 од Законот за медијација, кој наведува дека постапката за медијација во Бугарија мора да заврши во рок од шест месеци од нејзиниот почеток, сфатена како брз процес таа ја наметнува потребата да се стави во одредена временска рамка, и доколку нема изгледи во таа рамка да се постигне взаемно

прифатлив резултат логично е да се прекине и да се бараат други начини за решавање на спорот.[71]

Некои закони предвидуваат и пократки рокови, пример за тоа е Законот за заштита на потрошувачите кој ја траснпорнираше Директивата 2013/11 на Европскиот парламент и на Советот од 21.05.2013 година за алтерантивно решавање на потрошувачки спорови , предвидува резултатот од лтернативно решавање на спорови, вклучувајќи ја и медијацијата да биде обелоденет најдоцна во рок од 90 дена сметано од денот на кој органот ги примил сите документи за да постапува по жалбата . Доколку постои спор со фактичка и правна сложеност органот за алтернативно решавање на спорови, може по своја дискреција, да го продолжи овој рок,известувајќи ги страните за тоа и наведувајќи го потребното време да го реши спорот

По дефиниција постапката за медијација е неформална и затоа таа и другите методи на алтернативно решавање на спорови, во бугарското законодавство често се квалификуваат како ,,неформална правда". Во член 13 став 4 од Законот за Медијција на Бугарија се наведува дека во текот на пстапката се разјаснува суштината на спорот, се прецизираат заемно прифатливи решенија и се наведува можната рамка на договор. Во ставот 5 од истиот овој член се додава дека при извршувањето на наведните дејствија медијаторот може да закаже посебни средби со страните почитувајќи ги еднаквите права за учество во постапката на секоја од нив, што му дава простор процедуралната рамка на медијацијата да биде пофлексибилна, креативна и променлива.

Краткотрајноста и неформалноста како каракатеристики на медијацијата ја прават истата финансиски подостапна а исклучувањето на јавноста ја прави оваа постапка по дискрециона и овде интересите на странките се подобро заштитени.

Учеството во постапката е доброволно-страните по сосптвена волја одлучуваат дали ќе учествуваат во постапка за медијација и кога ќе се повлечат од истата доколку преговорите и медијацијата не го постигнат бараниот резултат. Исклучок од ова правилно бугарскиот законодавец исто како и македонскиот предвидел за спорови за кои е задолжителна постапка на медијација помеѓу инволвираните страни пред поведување на

[71] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 14

судска постапка. Во овој случај доколку постапката за медијација е безуспешна страните ја продолжуваат судската постапкка.

Медијацијата се карактеризира со активно учество на странките во процесот, преку директна и непосредна или посредна комуникација тие заедници работат за подобро разбирање, разрешување и надминување на проблемот со трајно прифатливо решение што ги задоволува сите. Медијаторот како трета страна во процесот се грижи да го олесни процесот да ги доведе странките до постигнување на една спогодба која ќе биде разумна, пропорционална и правична.Процентот на доброволно спроведување на спогодбата е значително висок, што и дава важност на медијацијата во правосудниот систем. Преку процесот на медијација судскиот систем се растеретува од дел на случаите и се дава можност за забрзана и поквалитетна разрешница на спорот.

Главните принципи на медијацијата се експлицитно регулирани со Законот за медијација, но постојат и принципи и правила на оперативно ниво кои произлегуваат од практиката и подзаконските акти.[72]

Главните принципи на медијацијата се доброволно учество и еднаквост на страните, доверливост на постапката, неустралност и непристрасност на медијаторот.Како и во нашето законодствство така и во бугарското ова се фундаментлно и општо прифатените принципи врз кои почива медијацијата. Други важни принципи поврзани со постапката за медијација се однесуваат на пристапот до неа, флексибилноста и свеста на страните и индивидуалниот пристап кон нив. Принципот на свесност на странките се нарекува уште и „принцип на информирана согласност“ - тоа значи дека страните треба да бидат информирани за суштината на медијацијата и нејзините импликации пред да се даде согласност за учество. Имплементацијата на индивидуализиран пристап од страна на медијаторот значи дека во начинот на водење секоја постапка за медијација се определува зависи од карактеристиките на спорот и на странките[73].

Медијацијата е постапка преку која длабоко се афирмира вродената карактеристика на современиот човек да има избор во решавањето сопствените конфликти, и да ја сведе на минимум можноста трети страни (суд или државен орган) да ја донесе одлуката.

---

[72] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 15

[73]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 17

Медијацијата е посебен процес во кој страните преземаат одговорност за своите одлуки работат за постигнување на договор во заедници итерес. Посредувањето се врши од поединци-медијатори, кој по приемот на барањето проценува колку спорот е погоден за решавање со медијација. Како и во македонското така и во бугарското закондавство се наведува дека за посредување-медијацијата одговараат граѓански, трговски, работнички, административни и потрошувачки спорови, како и други спорови меѓу физички и/или правни лица, вклучително и прекугранични спорови. Покрај видот на спорот медијатот се вклучува и оценката на други фактори, како степенот на развиеност на конфликтот, поврзаноста на страните и до кој степен подобрувањето на односите меѓу нив е важно за нивната интеракција во иднина, дали спорот стигнал во судска фаза и дали барањето е одраз на сите спорни прашања, и дали медијацијата ќе ги реши сите спорни прашања помеѓу страните или само дел од нив.

Логиката на постапката за медијација е да им помогна на страните да постигнат договор, чија функција е да обезбеди рамка, план и насоки за нивните идни активности во врска со спорната работа. Целта на постапката е да се намалат негативните аспекти на конфликтот преку подобрување на комуникацјата,вештини како слушање, изразување интереси, споделување чувства, разбирање на другата гледна точка, водење преговори и сл.

Клучен елемент во спроведувањето на постапката е вклучувањето на странките како активни учесници во постигнувањето на взаемна прифатлива спогодба и преземање на одговорност за развојот и конечниот резулатат а медијацијата како успешен или неуспешен. Главниот фокус на медијацијата е да се постигне договор и да се врати довербата и конструктивната комуникација помеѓу странките, преку разјаснување на перцепциите, потребите и интересите на страните и доколку страните успеат да ја вратат способноста за дијалог без посредник и да бараат решенија за проблемот, постигнатиот договор се смета за поодржлив и одтаму севкупниот исход на медијацијата за поуспешен.
Постапката на медијација се состои од шест етапи-фази кои им даваат можност на странките да воспостават взамена комуникација, подобро разбирање и постигнување на зааемно корисен договор и тие етапи се[74]:

[74]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 33

Фаза I. Изјава за отворање

Фаза II. Утврдување на спорни работи

Фаза III. Размена на ставови

Фаза IV. Барање на опции за решение

Фаза V. Изработка на договор

Фаза VI. Завршна изјава.

Фаза I- Целта на оваа воведна фаза медијаторот да им ја објасни фазата за медијација на инволвираните страни, значи да ги воведе во медијацијата, објаснувајќи им го процесот и да постигне негово прифаќање од двете страни. Медијаторот со воведната изјава ги појаснува правилата на медијацијата, ја нагласува важноста на принципите на истата, покажува компетентност и професионална етика преку која ја стекнува довербата на страните во постапката и создава за себе соодветна атмосфера за работа.Во воведната изјава посредникот, ја објаснува суштината на постапката и сопствената улога како на страните така и на присутните лица доколку ги има како набљудувачи, атвокати и други лица кои ги придружуваат или застапуваат странките, со цел сите присутни да добијат информација која е неговата улога во постапката. Важно за ова фаза од постапката е дали страните можат лично да донесуваат одлуки или мора да добијат за тоа посебно овластување.Доколку странките не можат донесе одлука за спорното прашање, постапката за медијација може да се одложи до обезбедување на потребното овластување.

Оваа фаза од постапката го профилира наинот на водење на процесот преку последователна комуникација помеѓу страните и нивно одговорно учество во истиот. Без оглед што станува збор за вонсудско решавање на спорот, медијацијата е процес заснован врз правила, превземање на одговорност и почитување на другата страна на постапката.Во оваа фаза посредникот е претставен како орган задолжен за олеснување на комуникацијата помеѓу страните, од чиј квалитет ќе зависи содржината на догвоорот и исходот на спорот. Професионалните вештини на медијторот во ова фаза вклучуваат доверба и компетентност во односот на спроведување на медијацијата како и создавање доверба и оптимизам дека спорот може да се реши.

Фаза II- Утврдување на спорни работи-Во оваа фаза од постапката за медијација, на странките сукцесивно им се дава можност да го изнесат предметот на спорот. Вообичаено

иницијаторот на постапката најпрво го изнесува предметот на спорот а другата страна го слуша без да го прекинува и го чека својот ред да се изјасни по предметот на спорот. Целта на оваа фаза е медијаторот да добие доволно информации за спорното прашање, да ги идентификува главните точки на спорот, областа на несогласување и сите аспекти кои ги блокираат односите и ги спречуваат страните да постигнат конструктивно решение на проблемот.

Во ова фаза медијаторот ги утвдрува и оние прашања за кои страните имаат постигнато согласност, страните главно го елборираат проблемот а медијаторот за цело време го олеснува споделувањето внимава на правилаа на постапката и ги неутализира негативните изјави и конфликтното однесување.

На крајот од оваа фаза медијтаорот нуди кратко резиме за состојбата и бара потврда од странките за тоа колку соодветно ги навел спорите прашања, прави еден вид на план-агенда за разгледување на спорните прашања.[75]

Фаза III- Размена на мислења

Директната размена на мислења меѓу страните е стожерот на постапката за медијација. Во оваа фаза, посредникот постепено го насочува своето внимание им помага на страните да стекнат разбирање за потребите и интереситец на другата страна.

Директното разговарање (со помош на медијаторот),помага страните да ги разберат позициите на другата страна, без нужно да се согласуваат со неа. Медијаторот ја започнува оваа фаза со поздравување на страните за нивната подготвеност да бараат решение за проблемот. Потоа ги запознава со планот (агендата) што ќе ја следат, како ги претставува вистинските спорни прашања и блокирачките аспекти на спорот.

Во текот на оваа фаза, главната улога на медијаторот е да го следи планот (дневен ред) за разгледување одобрен од страните на контроверзните прашања давајќи им можност да разговараат и со него и едни со други. Тој го охрабрува дијалогот поставувајќи појаснувачки прашања и користи различни техники како парафразирање, препознавање од значење, преформулирање, пресврт на улоги, генерализација и други. Неговата задача е да го контролира изразувањето на емоциите, да им помогне страните да се чувствуваат безбедно и сигурно, да зборува, да слуша без да дава оценки, да стимулира

[75]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 34

и да ја стипулира комуникацијата меѓу нив. Доколку е потребно, медијаторот одржува кратки одделни состаноци со секоја страна посебно, овие индивидуални разговори и информациите кои ги собрал од нив медијаторот не може да му ги соошти на другата страна без изречна согласност од првата страна тоа да биде споделено. Оваа фаза е основна за постапката на медјација и тука медијаторот ги насочува страните кон предлози и размислувања во насока на можни решенија на предметот на спорот, воздржувајќи се да дава мислења оценки и одлуки.[76]

Фаза IV- Барање на опции за решение

Во оваа фаза од постапката, медијаторот им помага на страните да формулираат опции за решавање на спорните прашања, страните се охрабруваат да учествуваат подеднакво во процесот, преку споделување на идеи за решавање на ,,конфликтот".

Посредникот применува креативни методи, како што е „бреинсторминг", и поттикнува страните да смислат максимален број на идеи. Тогаш тие самите ги оценуваат решениејата според конкретни и објективни критериуми кои заедно однапред се формулирани.Во оваа фаза посредникот се воздржува од давање предлози, но им помага на страните да постигнат баланс преку конкретизација на решенијата. На крајот од оваа фаза, инволвираните страни заеднички одлучуваат кои решенија се најфункционални за нив.

Всушност оваа фаза започнува со воведување на методот „бреинсторминг" и покана за страните наизменично да даваат предлози .

Посредникот, ги запишува идеите на табла или флип чарт за да можат страните да ги гледаат. Олеснувачот, покажува активно слушање и интерес на оредлозите запишувајќи ги на тој начин што тие звучат како израз на интересите на страните. Конечно тој прави проверка на агендата с цел да се увери дека сите спорни прашања се опфатени. Спроведувањео на овој дел од процесот бара посебни вештини од страна на медијтаорот. Поставува отворени прашања чија цел е правилна детекција на потребата на страните да го решат спорот и стимулација на креирање дополнителни можности преку реализација на

[76] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 35

идеите.Вниманието на медијатор е насочено кон изјавите на страните, кои овозможува максимална прецизност во предлозите, неговите интервенции мора да обезбедат рамнотежа во учество на страните и формулирање на предлози кои се специфични, реални и временски ограничени.[77]

Фаза V- Подготовка на договор

Страните кои стигнале до оваа фаза работат на конкретни прашања поврзани со решавањето. Медијаторот подготвува нацрт договор врз основа на одлуките кои страните ги донеле во претходините фази а се прифатливи за двете сттани. Сите точки за кои е постигнат компромис се стават во писмена форма-договор. Во ова напредна фаза од постапката важно е да се задржи нивото на преговорите и да не резултира со нова ексалација и конфротација. Медијаторот се грижи во договорот да бидат добро избалансирани сите идеи и решенија презенетирани од двете страни во претходните постапаки и да бидат заштитени интересите на двете страни. Исто така спогодбените клаузули да бидат конкретни, мерливи, остварливи, јасно темпирани и реални.Ова е фаза во која интересите на страните и нивните очекувања мора да најдат израз во писмен документ кои дава насоки и поставува рамка за нивното однесување во однос на спорот. Посредникот им помага на спорните страни да работат детално на претпоитаните опции за решение,да преземат одговорности едни кон други за целосно и делумно задоволување на нивниот интерес и конечно решавање на предметниот спор.

Посредникот подготвува нацрт на писмена спогодба со формулирање на клаузулите на листата на спорни прашања. Составенета спогодба се доставува до страните за одобрување или за доформулирање на одредени клаузули. Во оваа фаза повторно можат да се појават противречности, па затоа е важно медијаторот да ги потсети страните за постиигнатиот напредок и да им помогне да го одбранат, можеби ќе требаа да биде одвоено дополнително време за да се разјаснат деталите, како и да се поттикнат и поддржат страните да постигнат потпишување на договорените одлуки.Доколку е потребно им се остава време на страните да се консултираат за нацрт-договорот со нивните адвокати, посредникот треба да им ја обезбеди ваквата можност и да го

[77] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 36

пролонгира потпишувањето на спогодбата за онолку време за кое потребно да заврши консултацијата.

Финализираниот договор ќе се репродуцира во доволни примероци и ќе им се понуди на страните на потпис. Договорот постигнат во медијација има сила на договор и ги обврзува страните Страните можеби ќе сакаат да се направат и нотарско заверување на потписи (на пр. кога договорот се однесува на обврски за плаќање суми на пари, за испорака на одредени артикли и сл.). Во некои случаи, можно е договорот меѓу страните да биде вербален (кога тие се задоволни од исходот на медијацијата и сметаат дека не е потребно да се прави договор во писмена форма). Доколку ова ги задоволи двете страни и тие се подготвени да ги следат договорените решенија, писмен договор нема да се подготви. Важно е посредувањето да заврши со решен спор и со јасен план за страните што е следно.[78]

Фаза VI- Завршна изјава

Оваа последна фаза од постапката за медијација е важна бидејќи е неопходно да се заврши процесот и да се оддаде соодветно признание за напорите на учесниците, медијаторот во оваа фаза ги сумира резулатите од медијацијата, ги разјаснува уловите на договорот и насочува кон конкретна акција за негово спроведување. Ги поттикнува страните да се усогласат и ги специфира механизимите за следење и контрола, со што процедурата и официјално завршува.[79]

Доколку медијацијата не резултира со договор, медијаторот ги сумира напорите направени за да се дојде до решение и забележува напредок. Може да понуди листа на преостанати нерешени прашања и да се повикаат страните да се обидат да работат на нив.Во секој случај тој треба да изрази благодарност за учеството на страните и да им укаже на можноста дека повторно можат спогодбено да го решат случајот, посредникот по ова официјално ја затвора постапката.

Законот за медијација е основниот правен акт во Бугарија кој ја дефинира постапката за медијација -најголемиот акцент овој закон го става врз суштината и ефектот на склучениот акт на постапката-договорот.

---

[78]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 36

[79]Ibid

Целата петта глава на законот е посветена на договорот со кој формално се завршува постапката на медијација. Имено во членот 16 од законот е предвидено дека содржината и формата на спогодбата ја определуваат странките. Потенцијалните калузули од спогодбата однапред неможат да се предвидат-тие се условени од видот на спорот и се резултат на слободната волја на странките. Формата на договорот може да биде усна писмена или писмена со нотарско заверување на постписите на страните.Задолжителни детали во писмената сподгоба се местото и датумот кога истата е постиганта, имињата на страите, нивните адреси, она за кое се согласуваат името на медијаторот неговиот број во Единствениот регистар на медијатори, датумот на започнување на посредувањето и потписите на странките. Многу често страните сакаат посредникот да го потпише договорот,тоа им дава поголема сигурност и правна сила на истиот. Во договорот страните можат да предвидат и одговорност за неисполнување на обврските предвидени во него како и моќност да се вратат на медијација доколку имаат дополнителни спорни прашања. Најчесто договорот е во писмена форма, потврдениот писмен договор им дава на страните гаранции и полесна контрола во неговото спроведување. Бугарскиот законодавец предвидел и усна форма на договорот иако тоа не им дава исти гранции на страните како писмениот договор. Законодавецот предвидел и писмен договор каде што потписите на странките се верифицираат кај нотар, ова одлука нема форма на извршна исправа, освен ако од волјата на странките не произлегува нешто друго. Практиката покажува дека договорите постигнати по пат на медијација се извршуваат доброволно и истите се чин на волјата на страните. Некои законодавства предвидуваат дополнителен период за разгледување на договорот пред неговото потпишување, но таква можност не предвидува бугарскиот законодавец.

Договорот може да има детерминативна природа меѓу страните – кога тие меѓусебно се обврзуваат да сметаат дека правната положба меѓу нив е таква каква што е договорено во него (ова го содржи и неговото декларативно дејство). Тоа ја вклучува и обврската на страните да го почитуваат и да го спроведат. Утврдувачкото дејство на договорот наликува на res judicata (веќе пресудена работа) на правосилна судска одлука или судско порамнување, но се разликува од нив по својата граѓанско-правна природа.

Договорот не добива сила на пресудена работа по автонатизам, туку таа форма по барање на странките е определена од судот дополнително, порамнувањето што

произлегува од медијацијата со кое се преземаат обврски и се дефинира некој правен однос помеѓу странките дополнително се признава од страна на судот као изречно изрзена волја на странките и се смета дека спорот е разрешен како по судски пат. Директивата 2008/52/ЕЗ бара од земјите-членки да им гарантира на страните на писмената спогодба постигната во постапката за медијација дека нејзината содржина може да биде извршна исправа и медијацијата не треба да се смета за помалку ефикасна алтернатива на судскиот систем.

Почитувањето на договорите постигнати како резултат на медијацијата ќе зависи од добрата волја на страните. Затоа, неопходна е можноста едната страна да може да ги брани своите права по судки пат ако другата страна не се придржува до договореното.Со доделување на извршност на договорот за медијација не само што се зголемува довербата во медијацијата, туку таа може да биде препознаена и објавена за извршна во други земји-членки во согласност со важечкото ЕУ или националното право.Држава-членка може да одбие да одобри извршност на договорот, само кога содржината на договорот е во спротивност со неговото законодавство или кога обврската преземена со него е неспроведлива по својата природа.

Техники кои се применуваат во постапката на медијација:

- Довербата во медијацијата
- Довербата се дефинира како верување во добрите намери на некој, во неговата благонаклоност, пристојност, совесност и професионалност. Довербата е верба во способноста и капацитетот на некого или нешто. Во правната реторика или во овој контекст сфатена е довербата во поглед на доверливоста на постапката. Во суштина доверливоста е очекување дека ќе се исполнат ветувањата[80]. Од моментот кога ќе се спознае со спорот, медијаторот се обидува да ја здобие довербата на страните и таа преставува основен квалитет на медијторот. Способноста да се изгради доверба меѓу учесниците во постапката е круцијална за успешноста на процесот. Посредникот работи на градење на доверба меѓу страните. Кога нивото на доверба е високо, учесниците во процесот се помалку

[80]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 49

резервирани и по пријателски настроени и со поголема сигурност споделуваат информации што се клучни за надминување на спорното прашање.

Градењето односи на доверба не е само составен елемент на процесот на медијација, туку е и негов темел. Додека парницата ги спротивставува страните една против друга, медијацијата е процес кој бара од нив да разговараат и да соработуваат за да го најдат најдоброто решение.Медијаторот игра клучна улога во создавањето на соодветна средина за страните да почнат да комуницираат меѓу себе и да ги споделат своите потреби и цели.

Меѓу факторите кои придонесуваат за изградбата на доверба во медијаторот и во постапката за медијација, се системските и регулаторните аспекти поврзани со правната рамка, политиката за развој на медијацијата во земјата и поддршката за развојот на постапката од институциите и заедницата. Постоењето и спроведувањето на политиката, нормите и регулирањето на медијацијата го зголемува престижот на професијата и обезбедува сигурност на граѓаните кои учествуваат во таква постапка што можат да се потпрат на одредени правила и заштита.

Организациите кои нудат медијација мора да дадат детални информации за постапката, за плаќањето на услугата, како и како таа работи. Од суштинско значење е тоа да имате увид во професионалната квалификација и претходното искуство на медијатот . Ова им помага на клиентите да изберат посредник со кој ќе можат да воспостават врска и кому можат да му веруваат.

Личната репутација на посредникот како активен учесник кој раководи со постапката е од суштинско значење за успехот на медијацијата. Зошто, затоа што кај странките мора да се создаде чуство на правичност и објективност, затоа една од основните задачи на медијаторот е јасно и недвосмислено да покаже дека неговите мотиви се чисти и добронамерни и дека кај него нема фаворизирање на било која од страните.
Доколку нема доверба во правичноста на постапката и добрата волја на медијаторот страните во спорот нема да сакаат да споделуваат информации, всушност, доколку странките не веруваат во правичноста на постапката и на посредникот, веројатноста дека ќе земат учество во медијацијата е многу мала.[81]

[81]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 50

Од фундаментално значење е прашањето што ја гради довербата во медијаторот.Во европските и северноамериканските модели на медијација, доброто име на медијаторот во голема мера придонесува за дегенерацијата на довербата во него. Може да се заснова на неговата репутација дека е фер, неутрален и урамнотежен човек кој професионално влегува во процесот и го води.

Според експертот Џон Пол Ледарх, широко е прифатен моделот на ткн ,,инсајдерска пристрасност,, на медијаторот како основа за успешна медијација. Според овој модел трета страна заазема активно учество во преговори со двете спорни страни и помага да се пособри комуникацијата меѓу нив. Во овој модел довербата на медијаторот произлегува од блискоста која тој ја развива со секоја од страните и неговата свесност за спорното прашање и можноста за негова разрешница.

Медијаторот овде е „зависен“ од изнаоѓање добро решение како за двете страни, како и за заедницата како целина. Кај овој вид односите на медијаторот со странките не завршуваат со постапката туку тие продолжуваат и по постигнување договор.

За да изгради доверба во себе и во процесот, медијаторот може да го спомене своето искуство за слични случаи кои завршиле успешно. Исто така, може да се применат препораки од колеги и граѓани кои со негово учество учествувале во постапка за медијација, кои ја потврдуваат неговата стручност. Неговото однесување во текот на постапката е од фундаментално значење Ефикасноста на медијаторот е да обрнува внимание на начинот на кој комуницира со странките да ги увери дека го довериле својот случај во добри раце. Тој внимателно ги разгледува своите постапки за да не ја изгуби довербата еднаш заработена, знаејќи дека ако дозволи, повторното стекнување на истата ќе биде многу тешко. Како се стекнува довербата на луѓето со кои сте немале претходна врска, историја, па дури и епизодна комуникација? [82]

Истражувањата покажуваат дека луѓето имаат тенденција да веруваат во оние кои ги третираат со достоинство и почит; кои се слични на нив во различни важни аспекти; кои покажуваат дека се грижат за нив; кои немаат интереси,спротивни на нивните; кои ги слушаат и разбираат кои им помагаат да ги решат своите проблеми кои се доверливи и ги исполнуваат своите ветувања навремено и правилно. Однесувањето на медијаторот во моментот на контакт со странките, во голема мера го илустрира горенаведеното. Тој ги

[82] Ibid, страна 51

третира еднакво, со почит и достоинство и создава средина каде што се чувствуваат удобно и безбедно. Во текот на постапката за медијација, медијаторот ги слуша страните и јасно го дефинира нивниот проблем и им покажува дека ја разбира суштината на спорот и начинот на кој тие се чувствуваат. Покажува загриженост заврешавање на проблемот и јасно им дава до знаење на страните дека им помага. Посредникот покажува дека нема личен интерес од исходот на спорот и не ги спречува страните да постигнат заемно корисен договор, напротив ги потикнува. Избегнува реторика која значи дискримнација на било која страна по било која основа.

За да се обезбеди рамнотежа во текот на процесот на медијација, медијаторот мора да се погрижи страните последователно да зборуваат за проблемот, потоа да разговараат за него, давајќи им можност секоја страна да зборува без да биде прекината. Посредникот треба да осигура комуникацијата да се одвива во опуштена атмосфера – без закани и непочитувачко однесување. Довербата стекнува преку своето однесување за време на постапката со покажување разбирање и емпатија и преку цело време демонстрирајќи ја својата непристрасност. Иако одржува професионална дистанца, посредникот е обидува да изгради позитивен однос со секоја страна, лесно комуницирајќи со неа и покажувајќи дека ја разбира. Ова го олеснува процесот на медијација и ја гради довербата и во самата постапка. Често овој однос се гради сосема природно, но постојат и сличаи кои бараат повеќе свесен напор, потрага по заеднички јазик ,зразување разбирање и емпатија. Со поттикнување на страните да иницираат комуникација и подобро да се разберат меѓу себе, медијаторот формулира креативни решенија и во исто време одржува неутрална позиција, медијаторот и помага да се изгради мост меѓу страните, што ја прави неговата улога од круцијално значење за процесот. Тешко е за медијаторите да функционираат кога немаат доверба од едната или двете страни. Во овие случаи нивната ефикасност може да се намали.Работата на посредникот е да им објасни на страните што се случува да ја спроведе постапката за медијација и да им објасни кои се можните последици доколку спорот не се реши преку неа.

Градење доверба меѓу страните во спорот

Медијацијата е една од најважните алатки за решавање на конфликти и унапредување на соработката. Конфликтите се менаџираат кога страните почнуваат да преговараат едни со други, а медијаторите го олеснуваат процесот помагајќи им да градат меѓусебна доверба.[83] За да им помогне на страните да почнат да соработуваат, медијаторот мора да се ориентира конпроблемот, интересите и целите на секоја страна. Важно е да се разбере што го предизвикува конфликтот и што тој самиот може да направи страните да го решат. Често зад спорот и придружната тензија помеѓу страните, тие се соочуваат со несигурност и асиметрични информации.

Обично, кога страните споделуваат целосни информации за ситуацијата, тие можат да постигнат договор без доцнење или конфликт бидејќи високата цена што мора да ја платат за недоразбирањето им дава поттик да работат побрзо да се постигне договор.
Меѓутоа, кога се кријат информации за сопствени или релативни предности или кога страните се претставуваат помоќни отколку што се за да добијат подобар „договор“ можеби ќе го бојкотираат постигнувањето на разбирање поради неподготвеноста да се направат отстапки. А ова на крајот може да резултира со спречување на соработката заради ниската доверба меѓу страните како и со неможност за склучување на договор.

Затоа медијаторот игра значајна улога во процесот на медијација во врска со тоа страните да почнат да разговараат, да споделуваат информации и да ја вратат еѓусебната доверба. Тој може да им помогне да создаваат кооперативни односи со вешто ракување со информациите што ги споделуваат со него.

Недовербата меѓу страните создава несигурност, што може да доведе до конфликт. Се јавува кога странките несигурни во преференциите или намерите на другиот. Поканата за соработка во процесот на медијација може да се земе со резерва, бидејќи еден од учесниците можеби не е сигурен дали неговиот противник ќе одговори на оваа покана во интерес на двете страни или ќе ја искористи соработката за остварување на нивните лични цели.

Затоа и често страните се плашат да си веруваат едни на други, затоа што мислат дека другиот ќе ги искористи на некој начин. Недовербата меѓу нив лежи во основата на

[83] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 50

влошените односи и на самиот конфликт и често е причина за барање правна заштита и судска разрешница на проблемот. Поради оваа причина, обновувањето на меѓусебната довербата е клучна компонента за постигнување договор.[84]

Посредниците можат да помогнат во прашањата на недовербата со тоа што ќе работат заедно и одделно со двете страни и ќе се обидат да се убеди секоај од нив дека другата страна е вистински заинтересирана за постигнување на договор. Градење меѓусебна доверба може да започне само кога секоја од страните ќе биде убедена дека другата страна е навистина подготвена за соработка и тогаш ќе дозволи отстапка од своите позиции.

Недовербата меѓу страните е форма на несигурност што може да предизвика и поттикне конфликт, но и покрај ова има влијание на процесот на медијација. Затоа квалитетите на посредникот, кој им помага на страните да изградат доверба, се суштински. Тој мора да смета дека само зголемениот степен на соработка помеѓу странките ќе доведе до успешен исход. [85]

За одржување на угледот како непристрасен и неутрален посредник во конфликтот, медијаторот мора да биде внимателен да го прави процесот на соработка да не служи првенствено на една од страните и договорот да не биде израз на нејзините интереси на сметка на интересите на другиот. Можно е под притисок на очекувањата послабата страна да соработува, па дури и да потпише договор што не ги штити нејзините интереси. Во овие случаи медијацијата не може да се оцени како успешна бидејќи еден учесник е незадоволен и оштетен и на крајот тоа може да резултира со неиспо лнување на договорените обврски. Постапката за медијација опфаќа принципи, процес и техники кои им овозможуваат на страните да почнат да градат односи на доверба. Споделувањето на информации,е клучот за враќање на довербата во односите. Иако посредникот не може да гарантира дека сите прашања ќе се решат,охрабрувајќи ги страните да споделат информации,овозможува да се постигне јасност со идентификување на спорните прашања и утврдување на следнте чекори.

Воспоставувањето на граници и основни правила во комуникацијата за време на процесот на медијација им овозможува на секоја страна да има доволно време да ги изрази

[84]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 51
[85] Ibid

своите мисли и идеи без страв дека ќе биде прекината, осудена или навредена . Во воведната изјава, медијаторот воведува правила кои вклучуваат: меѓусебно почитување,наизменично елаборирање на проблемот од странит (секој има времеда споделува без да биде прекинат), еднакво учество во процес на составување договор и сл. Правилата им помагаат на страните да се чуствуваат безбедни и се темел за градење на доверба.

Договорот на страните во однос на принципот на приватност е уште еден елемент на стратегијата за изградба на доверба. Учесниците во медијацијата треба да се чувствуваат заштитени дека тоа што го споделуваат нема да биде соопштено на другата страна без нивна изречна согласност.[86]

Последно, но не и најмалку важно, довербата се заснова на вера во добрите намери и чесноста на другата страна или на принципот „направете го тоа што ветивте дека ќе го направите“. Затоа изготвувањето на договор е еден вид верификација на интегритетот на страните, што создава основа на доверба во нивната идна врска. Во овој процес, медијаторот мора помогне да се донесат одлуки кои се реални и остварливи. Често обновата на довербата се должи на малите почетни чекори и доколку се исполнат обврските, се создава доверба дека страните можат да соработуваат и врска со позначајни прашања.

Во вонсудското решавање на споровите средбата со клиенти кои демонстрираат „тешко“ однесување – како на пр грубост, викање, одбивање на почит е посебен предизвик. Стратегијата за справување со „тежок“ клиент е важен дел од подготовката и обуката на медијаторот. Се случува страните во спор да одат на медијација, без да имаат вистински интерес за постигнување заемно корисен договор. Тие не се впуштаат во отстапки и компромиси, туку се фокусираат на задоволување на нивниот личен интерес,и ги злоупотреуваат другите учесници во процесот. Затоа, корисно е медијаторите да имаат стратегија што ќе им помогне во тоа идентификување на манипулативното однесување и

[86] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 56

спречување постапката да се искористи за интересите на едната страна на сметка на другата.[87]

Доколку поради незнаење или под влијание на конфликтот на медијацијата се пристапува агресивно, може да бидат вклучени во постапката почитување на правилата. Повеќето луѓе не сакаат да прават непријатели - тие едноставно се сомнителни затоа што се плашат да бидат излажани – и доколку медијаторот им покаже дека постапката дозволува постигнување на правично решение, тие би се откажале од агресивното однесување и би почнале да соработуваат.

Медијацијата не се спроведува доколку со закон или друг законски инструмент е предвидена друга постапка за решавање на спорот.

Во Бугарија медијацијата ја спорведуваат физички лица кои се здружуваат и спроведуваат активности со цел да се постигне спогодба и да се задоволи прадвата кај двете инволвирани страни.

Принципи на медијација

Фундаментален принцип на Бугарската медијација претставува доброволноста и еднаквоста во постапката .

Тоа значи дека странката ккоја учествва во процесот на медијација има еднаква можност и исто правно оружје како и спротивната страна и иста можност да го брани својот став како и другата страна во процесот на медијација. Двете или повеќето инволвирани страни доброволно земаат учество во процесот по своја слободна волја можат да се повлечат во секое време.

Принцип на неутралност и непристапност

Круцијална улога во процесот на медијација во Бугарија врши медијаторот кој што за цело време додека трае процесот не зазема страна и не наметнва свои решенија напротив ги насочува странките да превземат активности сите прашања да ги решат со договор.

Доверливост

Учесниците во процесот на медијацијата се обврзани да ја почитуваат доверливоста на сите околности факти документи и сознанија до кои ќе стигнат во текот

[87]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020,страна 57

на процесот на медијација.дури и спорот да продолжи, односно мериторно да не заврши со медијација туку со судска разрешница ниту една од инволвираните страни не смее сите околности факти и сознанија кои ги стекнала со процесот на медијација да ги истакнува во оваа судска постапка. Медијаторот во ниеден момент не може да биде испрашуван како сведок на околностите кои му биле доверени од страна на учесниците во процесот на медијација без оглед колку се тие релевантни за решавање на спорот.

Исклучок од доверливоста постои кога медијаторот добил изрична согласност од доверливата страна да може да ги изнесе тие околности или кога тоа е неопходно за заштита на суверенитетот интегритетот и јавниот ред и мир на државата или кога тоа е неопходно за целите на кривичната постапка да се заштити физичкиот или психолошкиот интегритет на личноста или да се обезбеди заштита на најдобриот интерес на децата.[88]
Во Бугарија медијатор може да биде само деловно способно лице кое исполнува 5 услови и тоа:

-Не е осудено за кривични дела

-Успешно поминало курс за медијатори

-Не му е одземено правото да врши професија дејност или должност

-Е државјанин на Република Бугарија, а доколку е странски државјанин да има дозвола за долготраен или постојан престој во Република Бугарија или да е државјанин на земја членка на Европската Унија и Швајцарија.

-Да е запишан во единствениот Регистар за медијатори кај Министерот за правда

Како и во сите држави на Европската Унија кои ја имаат прифатено директивата за медијација така и во Бугарија се врши обука на медијаторите.

Обуката за медијација е утврдена со уредба за министерот за правда и по завршената обука министерот за правда на посредникот- медијаторот му здава уверение со кое се запишува неговиот статус во единствениот регистар на медијатори. Во случај лицето кое се пријавува за медијатор или организацијата немаат соодветна обука за медијатори или не исполнуваат некои од погоре наведените услови министерот за правда издава наредба за одбивање на нивниот упис во единствениот регистар на медијаторите. Медијаторот кој останал незадоволен од наредбата истата може да ја обжали пред

[88] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020,страна 8

Врховниот Управен суд во постапка утврден со законот на Управна постапка на Република Бугарија.[89]

Во единствениот регистар на медијатори се запишува со неговото име презиме матичен број државјанство образование струка дополнителна специјализација од областа на медијацијата организацијата која го има обучено како медијатор понавањето на странски јазици адресата и телефон за контакт.

Единствениот регистар на медијатори е јавен и лицето кое е запишано како медијатор писмено треба да се изјасни до министерот за правда доколку постои било каква промена во неговиот статус или во неговите лични податоци со цел истите да се впишат во регистарот. Постапакта за запишување или бришење од единствениот регистар на медијаторите е определена со уредба. Министрството за правда предвидува надоместок за влез на единствениот регистар на медијатори додека пак за нивната работа медијаторите имаат определена тарифа.[90]

Бугарскиот посредник во текот на постапката постапува со добра волја и со почитување на законот добриот морал процедуралниот и етичкиот кодекс на однесување. Медијаторот ќе прифати да ја води постапката само ако може да ја гарантира својата независност непристрасност и неутралност во процесот.

Обврски и одговорности на медијаторот

Во текот на постапката не медијација медијаторот е должен да го почитува мислењето на секоја од спорните страни неможе да дава правен совет и за цел време додека трае процесот треба да ја задржи својата независност непристрасност и неутралност и да спорведува активности со кои ќе им помогне на страните да постигнат спогодба. Медијаторот не смее да комуницира и да изнесува околности кои се однесуваат на некоја од страните на другите учесници во процесот и истиот не сноси одговорност доколку страните не постигнат спогодба или не го исполнат договорот.

Постапка на медијација

Процесот на медијација согласно Бугарскиот закон за медијација започнува по иницијатива на една или на двете спорни страни која предлага решавање на спорот преку

[89]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 9 и 10
[90] Ibid, страна 15

посредување. Како почеток на процесот на медијација се зема датумот на кој страните постигнале експлицитна согласност за отпочнување на процес за медијација.[91]

Предлог за решавање на спорот преку медијација дополнително може да направи судот или друг надлежен орган пред кој е изнесен спорот за решавање. Исто така кога станува збор за договорен однос страните можат со посебена клаузула да предвидат во случај на спор таквиот спор да се реши по пат на медијација.

Медијацијата помеѓу спорните страни ја спроведува еден или повеќе избрани медијатори од страна на страните, учество во процесот страните заземаат лично или преку свој застапник или полнмошник кој има изречно овластување во писмена форма за тоа.
Пред спроведување на процесот на медијацја медијаторот ги известува инволвираните страни за суштината на медијацијата предностите и последиците од неа и бара писмена или усна согласност од страните со која се потврдува учеството.

Медијаторот е должен да ги наведе сите околности кои можат да предизвикаат разумно сомневање кај страните за непристрасноста и неутралноста на медијаторот вклучувајќи ги и случаите кога медијаторот е лице кое е брачен другар или роднина во права линија или роднина по сватовство вклучувајќи трет и четврт степен на роднинство на било која од страните или нивните полномошниц и застапници во процесот, кој живее во фактичка брачна – семејна заедница со која било од инволвираните страни, кој бил застапник на било која страна во спорот и кога постојатдруги околности кои предизвикуваат основано разумно сомневање за непристрасноста на медијаторот.
Државите членки на Европската Унија вклучувајќи ја и Бугарија најмногу водат сметка за непристраноста на процесот на медијација, затоа посредникот пред да се впушти во решавање на предметниот спор потпишува изјава за непристрасност и го доставува до страните во спорот.

Медијаторот го води целиот процес на медијација го разјаснува спорот ги прецизира заемно прифатливите опции и решенија закажува посебни состаноци со секоја од страните поединечно и заеднички и за цело време го почитува правилото на еднаквост

[91] Bulgaria mediation act, 2004, достапно на https://www.uv.es/medarb/observatorio/leyes-mediacion/europa-resto/bulgaria-mediation-act-2004.pdf (последен пристап на 27.03.2024)

на оружјата во процесот, активно учествува во креирањето на рамката на спогодбата со која страните треба да го решат предметниот спор.

Медијацијата завршува со заеднички договор меѓу страните или по смртта на посредникот, исто така медијацијата може да заврши кога една од страните ќе се повлече ако една од страните физичко лице престане да постои или по истекот на 6 месеци од почетокот на процесот доколку една од страните е правно лице. Доколку спорниот однос не добие разрешница со медијација спорот може да продолжи на суд. Доколку спорот заврши со медијација формата и содржината на спогодбата ја определуваат страните на начин што таа може да биде усна писмена или писмена со ноотарско заверување на потписите на страните. Во спогодбата страните можат да вклучат и клаузула со кои ќе се предвидат сите санкции во случај на неисполнување на обврската предмет на спогодбата. На спогодбата покрај страните стои и името на посредникот/медијаторот и таа е обврзувачка само за страните и не произведува правно дејство а оние кои не учествувале во процесот на медијација- трети страни.[92]

Секоја спогодба постигната во процес на медијација која е спротивна со законот и моралот во Бугарија е ништовна. Секој договор постигнат во постапка не медијација ќе биде предмет на одобрување од надлежен суд во Бугарија и истиот има сила на пресуда.

Постапка за медијација во рамките на граѓанската постапка во Бугарија

Осврт кон парничната постапка

Во декември 2018 година, Европската комисија за усвои алатки за развој на медијацијата кој има за цел да обезбеди спроведување на препораките во однос на постапката за медијација и особено – нејзина примена во судскиот процес. Првата важна карактеристика на упатување на медијација во рамките на еден правен процес е различната средина во која тој ја врши постапката. Кај класичната вонсудска медијација која се применува пред поднесување тужба процесот е многу пофлексибилен целосно со процесот раководи од медијаторот и има за цел да се постигне заемно прифатлив договор.[93]

[92] Bulgaria mediation act 2004 достапно на https://www.uv.es/medarb/observatorio/leyes-mediacion/europa-resto/bulgaria-mediation-act-2004.pdf (последен пристап на 28.03.2024)

[93] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 94

Во еден судски процес кој е во тек, учесниците обврзани со законската рамка, што значи дека мора да се придржуваат до спорот и барањата опишани во тужбеното барање, сепак ги почитуваат условите и конкретните дејствија што секоја од страните ја презема во еден судски процес. Самиот процес на упатување на медијација го спроведува судијата, имајќи ја предвид природата на спорот и карактеристиките на странките. Друга специфична карактеристика на постапката за медијација во рамките на еден судски процес е поврзана со учесниците кои се повеќе и имаат поконкретна улога, знаење, компетенции и значење за постапката во споредба со класичната вонсудска форма.[94]

Учесници во постапката за медијација се следните:

• Судот како институција и судијата се тие што го спроведува упатувањето;

• Судски службеник кој го координира целиот процес: од упатувањето на парничните странки на постапка за медијата со посредство до презентирање пред судот на постигнатиот договор;

• Медијатор со специфични знаења и вештини за водење постапка за медијација, стекната и од практиката, како и како резултат на специјализирана обука за медијација;

• Странки во парницата;

• адвокатите на странките, доколку овие не се застапуваат или имаат изречна потреба од учество на адвокат во постапката за медијација.

Улогата и компетенциите на сите именувани учесници се претпоставува на многу висок степен од националното законодавството, како и од меѓународните акти поврзани со постапка за посредување спроведена во судски процес. Во пракса, освен правилата на однесување на постапка за медијација во парнична ситуација, медијаторот и сите други учесници треба да ги почитуваат и дополнителните процедурални правила и ограничувања и временските ограничувања кои произлегуваат од соодветните процедурални кодекси и специфичните барања за видот на процесот во рамките на кој се спроведува постапка за медијација.

Бугарскиот законодавец ја познава задолжителната медијација само во однос на семејните спорови. Ова значи дека судот има обврска семејниот спор да го упати на медијација согласно чл. 321, ст. 2 од Законот за парнична постапка (ЗКП), според кој „по

[94] Ibid страна 95

решавањето на прелиминарните прашања и оние во однос на правилноста на тужбеното барање, судот е должен повторно да ги упати странките на посредување или друго средство за доброволно решавање спорови“. Обврската за судот не создава обврска за учество на странките.

Во зависност од прописите во некои земји, неучеството во постапка за медијација може да резултира со одредени санкции за странките. Во Бугарија не се предвидени слични законски прописи. Исклучително важна карактеристика на постапката за медијација во рамките на нерешените постапки пред судот е тоа што медијацијата сфатена во овој контекст е алтернативна правда, и дополнителна можност да се најде заемно корисно решение на спорот, кое е на располагање и на судот и на странките.

Улогата на судот и судијата

Во Пакетот со алатки претставен од државите – членки на Советот на Европа се препорачува да се развијат упатства за водење на судиите во врска со можностите за упатување на медијација. Насоките треба да бидат поврзани со зголемување на надлежноста на судијата во областа на медијацијата која ќе му овозможи да процени во која фаза од спорот постапката за медијација би била корисна. Непристрасноста и независноста на судскиот систем во овој контекст е одлуката на судијата да упати на посредување, како резулатат на неговото лично расудување засновано на знаење и искуство во областа.[95]

Судијата ги упатува странките на медијација и се води првенствено од националното законодавство. Тој соодветно им објаснува на странките кој процес е соодветно да се реши со медијација и им ги објаснува правните последици од постапката. Судијата ја определува временската рамка во која странките треба да спроведат постапка за медијација, доколку е таа соодветна на условите на правниот процес како и им ги објаснува и роковите на застареност кои влијаат на поднесените барања.

Без разлика како е уредена медијацијата во законодавството, препорачливо е судијата да ги објасни предностите на постапката и придобивките за странките од неа. Тој ги насочува страните кон медијација обезбедувајќи им информации за местата каде што можат да изберат медијатор. Во Република Бугарија тоа се: Унифициран регистар на

[95] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 97

медијатори кој го одржува Министерството за правда списокот на организации за обука на медијатори, како и центри регистрирани по друг закон во државата, но нужно е посредникот да е лице запишано во Единствениот регистар на медијатори.

Кога ги упатува странките на медијација, судијата им налага на странките да имаат предвид дека е од голема важност медијаторот да има знаења, вештини, компетенции и стручна обука што одговараат на природата на спорот упатен на судско решавање. Исто така, ги информира дека е потребно одржување врска со судскиот координатор назначен од судот кој помага во процесот на медијација. Кога страните не можат да се договорат со посредување во предвидениот рок, судијата ќе го продолжи спорот со парица. Во случај да постигнат договор тој треба да биде во согласност со законот и да не излегува од опсегот на тужбеното барање, во тој случај судијата носи решение со кое формално го потврдува договорот постигнат со медијација кое решение има сила на res judicata.

Улогата на судскиот координатор

Судскиот координатор е службеник на судот пред кој случајот е покренат. Го утврдува претседателот на соодветниот суд и го поддржува односот помеѓу судијата, странките и посредникот. Негова должност е да ги координира и да го следи почитувањето на роковите определени од судијата за спроведување на постапката за медијација = Координаторот обликува и одржува документацијата во врска со предметите упатени на медијација. Низ него поминува и целиот проток на информации долж синџирот суд - посредник - странки.[96]

Улогата на медијаторот

Постојат препорачани правила за водење на посредување без оглед на фазата на парницата. Процесот на парнична медијација може се спроведе само од медијатори кои се регистрирани во единствениот регистар на медијатори при министерството за правда што е случај и во Република Северна Македонија и кој ги поседува потребните знаења, вештини, компетенции и стручна подготовка соодветна на природата на спорот. Во сегашната нормативна рамка во Бугарија, која ја регулира постапката за медијација и упатувањето до неа, не постојат посебни барања за медијаторите што ја спроведуваат медијацијата по предмети упатени од судот (се раководат од нормативните барања

[96] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 98

утврдени во Законот за медијација). Поради оваа причина, се препорачува овие спорови да ги решат правни посредници кои имаат искуство во спроведување на таков тип на медијации и поминале специјализирана обука во областа на која се однесува спорот.

Во случаи кога медијаторот не се чувствува доволно подготвен и надлежен за водење на постапката има право да одбие да постапува и затоа треба да го извести судот пиемно. Нема конкретен рок за известување, но се препорачува тоа да се направи во рок од 7 дена од денот кога определеното лице било предложено како медијатор.[97]

Пред почетокот на постапката медијаторот има обврска да им даде на странките информации за трошоците на постапката и начинот на кои ќе му бидат исплатени. Медијацијата продолжува кога посредникот и спорните страни се согласуваат со договорениот надоместок, како и со начинот на плаќање.

Постојното законодавство од областа на медијацијата во Република Бугарија не ги регулира начините на кои се врши плаќање за услугата на медијаторот. Недостасува и тарифа за надоместоците поврзани со постапката.

Посредникот ја спроведува постапката за медијација на почитување на начелата на медијација утврдени во Законот за медијација: доброволност и еднаквост на страните, неутралност, непристрасност и доверливост. Доколку постојат околности кои можат да влијаат врз интересот на странките или врз неговиот личен интерес или околности кои не се во согласност со начелата на постапката, должен е медијаторот за овие околности да ги извести странките, и да продолжи со постапката кога е сигурен дека самостјно и врз основа на начелата, по претходно добиена согласност на странките ќе може успешно да го изменаџира процесот.

Негова должност е да го следи процесот постојано и да им даде можност на сите странки ефикасно да учествуваат во постапката. Посредникот им помага на страните да го решат меѓусебниот спор и им помага при изготвување на договор кој не смее да биде надвор од рамките на тужбеното барање. Исто така, на страните им се укажува на можностите за склучување дополнителни договори им ги објаснува процедурите, како и нормативно утврдените правила во вакви случаи.

[97] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 99

Важно е да се знае дека во Законот за парнична постапка59 (утврдено во чл. 166, ст.1 точка 1) медијаторите се вклучуваат меѓу лицата кои неможат да сведочат: „Никој нема право да одбие од сведочење освен: 1. полномошниците на странките во истиот случај и лицата кои биле посредници во истиот случај “.[98]

Улогата на странте во спорот

Законодавството во Република Бугарија им дозволува на страните во спорот самостојно да учествуваат во судскиот процес, со полномошник или законски застапник. Тоа значи дека нивното учество во медијацијата може да се одвива на ист начин. Тука забележуваме дека една од карактеристиките на постапката за медијација е непосредното учество на страните во спорот, како најдобар начин за постигнување на взаемен договор. Затоа е од круцијална важност кога судијата ги упатува страните на медијација да им ја објасни можноста лично да учествуваат во постапката.[99]

Важно е странките да разберат што е посредувањето и да влезат во него со претходна согласнот. Согласноста на странките за процес на медијација можат да ја дадат за нив и нивните полномошници или застапници. Полномошниците можат да спроведат постапка за медијација и да учествуваат во неа само со изрично полномошно составено специјално за предметот (не е потребна нотарска заверка). Тие имаат право да потпишат договор само во случаи кога тоа произлегува од изречното полномошно.

Доколку страните не сакаат посредување и во услови кога медијацијата е задолжителна, тие мора изречно за тоа да го зивестат медијаторот, кој пак без одлагање го известува судскиот кординатор одговорен за активностите поврзани со упатување на медијација кој пак навремено го информира судијата дека не е постигната согласност предметот да с ереши со медијација за да може судот да ја продолжи парицата.Истиот ефект го има и недавањето согласнот на страните за медијација и во македонскиот систем , со таа разлика што кај нас медијацијата е три страна а во Бугарија е четири страна, медијаторот со судот комуницира преку судски координатор.

[98] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 101
[99] Ibid

Спогодба

Улогата на медијтаорот кога спорните страни се подготвени да се да се договорат е од најголема важност. Олеснувањето на комуникацијата вклучува можност страните да постигнат договор за спорното прашање. Не постојат стандарди како тој договор треба да изгледа бидејќи тој е олицетворение на волјата на страните да се постигне.[100]

Посредникот и адвокатите им помгаат на странките да постигнат договор истиот да го потпишат. Вака потпишаниот догвоор се доставува до судијата кој го одобрува постигнатиот договор и носи решение со кое спорот целосно или делумно се решава.

Според чл. 10, ст. 1 од Законот за медијација медијаторот во процесот не може да дава правни совети. Тој само обезбедува информации им налага на страните да учествуваат во преговорите и за сите нејасни правни прашања да се консултираат со своите адвокати, но избегнува странките да се консултираат со него, бидејќи на овој начин лесно може да ги прекрши принципите на непристрасност и неутралност и со тоа да ја повреди постапката за медијација.

Доколку страните не успеат да постигнат договор за спорното прашање во утврдените рокови посредникот го известува соодветниот судскиот кординатор кој пак го известува судијата. Потребна е писмена изјава потпишана од странките преку која се потврдува дека решение на спорот не е постигнато.

Кога постапката на медијација е следбеник на параница, посредникот за цело време е ограничен е со тужбеното барање. Меѓутоа, поради својата специфичност, постапката за медијација овозможува да се идентификува оригиналниот извор на конфликтот и на тој начин да се постигне решение и за други примарни или секундарни спорови кои настанале во процесот на нејзино ескалирање. Затоа, во случаи кога кога странките сакаат да решат други спорови во рамките на истата постапка за медијација медијаторот и адвокатите треба да им ја објаснат оваа законска можност и да ги потикнат да постигнат договор за поконтроверзните прашања.

Постапка за медијација во рамките на судски процес

[100] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа, 2020, страна 106

Во оваа фаза на постапка за упатување на медијација по тужба потребно е да се посвети посебно внимание на улогата на судијата, кој мора да има знаења и вештини за водење на постапка за медијација и да се оцени дали спорот е погоден за ова.

Клучна точка овде е тоа што судијата се повикува на постапка медијација, не на одреден посредник, ниту на одреден центар за медијација со цел да се избегне компромитирање на постапката. Тој ги запознава странките и нивните адвокати медијацијата и опциите за избор на медијатор.[101]

Постои практика во дел за одреден тип на предмети да вклучи опис на можноста за договор меѓу странките преку постапка на медијација. Ова е првото„соочување“ на странките и нивните адвокати со оваа алтернатива. Упатувањето може да се изврши и во судница за време на првото рочиште по предметот.

Тука повторно е важна улогата на судијата, бидејќи тој мора да му објасни страните дека може да се примени постапка за медијација, какви би можеле да бидат резултатите и што е најважно - да им каже дека со спроведувањето на медијацијата не се поништува можноста за продолжување на судењето.

Исто така, мора да го објасни прашањето за суспензијата на роковите за ограничување, како и правната сила на договорот, доколку се постигне таков. Судијата ја определува временската рамка во која треба да биде завршено порамнувањето,, вклучително и колку сесии за посредување може да се одржат Суштинска улога имаат адвокатите на странките во случајот,бидејќи тие треба да ги потикнат страните на учество во постапка на посредување и да соработуваат со добра волја и одговорност кон медијтаорот и другите учесници за правилна разрешница на предметниот спор.

По упатувањето на еден од наведените начини, во процесот се вклучува и судскиот кординатор, кој ги документира информациите за преносот од списите на посредникот и ги известува странките за првата сесија за посредување.

Интеракција на посредникот со судиите и судската администрација

Комуникацијата за упатување на постапка за медијација во рамките на судскиот процес се врши на различни начини . Во овој поглед, треба да се следи кој и за што го известува медијаторот од почетокот до крајот на постапката; каде се доставуваат

[101] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 107

информациите и во каква форма; која е улогата на судскиот координатор како врска помеѓу посредникот и судот, односно конкретниот судија. Кога се однесува на постапка за медијација во рамките на во еден судски процес работата се формализира во многу поголем степен. Затоа, добро е медијаторот да биде запознаен специфичните правила на судот, да се знае судскиот коодринатор, одговорен за упатувањето. При преносот на информациите мора да се почитуваат сите барања за заштита на личните податоци Комуникацијата мора да се спроведува професионално, објективно и навремено. Процесот на комуникација треба да се одвива непречено на релација посредник-страни-– адвокати - судски кординатор судии и со тоа да се зајакне довербата во постапката на посредување и во судот.[102]

Постапка за онлајн медијација

Онлајн медијацијата е алтернативен метод за решавање на спорови што главно се врши со средства за комуникација преку Интернет. Постапката е релативно нова. Првите податоци за нејзина примена се од 1994 година, објавени од Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO), која на својата веб-страница обезбедува платформа за онлајн посредување во спорови поврзани со прекршување на правата на интелектуална сопственост. Платформите за онлајн посредување подоцна се развија во САД (од 1996 година) и други земји, вклучувајќи можност за онлајн решавање на спорови.[103]

Онлајн медијацијата може да биде од два вида - синхронизирана и несинхронизирана. Во синхронизираата обично се користи специјално креирана платформа, во овој тип на платформа, страните одржуваат седница за посредување на која учествуваат истовремено. Главната работа за нив е зачувување на доверливоста на информациите што наметнуваат безбедност и добра заштита на користениот софтвер. Исто така платформата мора да обезбеди техничка можност за спроведување индивидуални состаноци со секоја страна во посебни виртуелни простории за разговор.

Во несинхронизираната медијација обично се користи е-пошта или специјално развиен софтвер кој овозможува размена на кореспонденција преку прикачување документи и остварување директна комуникација.

---

[102]Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 108

[103] Ibid

Во пракса, можностите што ги нуди онлајн медијацијата, се пошироки од физичките, бидејќи може да се спроведе на многу начини: по е-пошта, програми за инстант испраќање на пораки, форуми за дискусија, виртуелни простории за разговор со ограничен пристап се што е потребно за успешна онлајн медијација е добра интернет конекција.

Без разлика на видот на онлајн медијацијата, таа треба да ја спроведуваат овластени медијатори кои поминале специјализиран курс за спроведување на постапката онлајн.

Се препорачува посредникот да ги запознае страните со правилата за работа, како и да преговара за цената на услугата, без оглед на тоа што некои платформиоднапред ги информираат страните за условите на постапката.

Во Република Бугарија сè уште не се развиени посебни норми за спроведување на онлајн медијација (недостасуваат стандарди за оперативната и правна рамката под која треба да се користи постапката). Сепак, овој метод привлекува се повеќе и повеќе внимание, бидејќи покрај придобивките карактеристични за класична медијација, содржи во себе и други поврзани пред се со предностите на средината во која се одвива.

На институционално ниво Министерството за правда на Бугарија разви Централизиран електронски портал за посредување, кој предвидува спроведување на онлајн процедури. Во моментов институцијата има спроведено обуки нап ретставници на одобрените организации за обука медијатори, обезбедувајќи им информации за содржината на порталот, функционалностите на поединечните модули и начинот на работа со нив.

За решавање може да се користи онлајн медијација на спорови кои настануваат меѓу страните во рамките на една јурисдикција или во меѓународни спорови меѓу странките, со седиште во различни јурисдикции,, прекугранични спорови,, спорови кои можат да бидат договорни, како и вондоговорни спорови, како што се оние поврзани со повреда на права и слично.[104]

Постапката може да се користи во спорови меѓу правни лица (трговци), помеѓу физички и правни лица, како и само помеѓу поединци. Онлајн медијација е погодна за

[104] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 122

решавање на спороите кои произлегуваат од е-трговија кои произлегуваат од злоупотреба на регистрација и користење на странски домени на интернет, за семејни спорови и сл. Методот е исто така погоден за спорови кои се однесуваат на побарувањата на странките со големи и мали парични средста со комата , со што се избегнуваат не само трошоците, туку и сложеноста на аплицирањето во многу јурисдикции, како и ризикот од неповолна пресуда.

Во онлајн медијацијата, како и во класичната медијација страните имаат контрола врз тоа како може да биде го решаваат спорот, особено што во текот на постапката можат да го избере важечкиот закон, како и јазикот на кој ќе бидат водени разговорите. Постојат платформи во чии правила експлицитно се наведени овие можности, како и начинот на плаќање за услугата, што дава голем степен на предвидливост на постапката. Огромната предност на онлајн медијацијата е нејзината висока степен на доверливост. Ова е важно за страните бидејќи тие им овозможува да изградат модел на однесување под одредена правна рамка што и тие ја знаат и да склучат договор обврзан со таа правна рамка. Приватноста е од клучно значење бидејќи во прекуграничните спорови постојат културни, јазични и институционални разлики, што може да се надминат со средствата на избраниот модел и стратегија. Доверливоста ги уверува страните дека нивното име, углед и трговски тајни, како и постигнатиот резултат ќе бидат заштитени до највисок степен[105]

Предност е и начинот на кој страните комуницираат едни со други преку Интернет. Во споредба со традиционалната комуникација во живо каде што се одредува стратегијата и често е под влијание на импулсивни разговори, на Интернет (на несинхронизираното посредување) страните имаат можност да ја предвидат реакцијата на другата страна, да ја следат избраната шема на однесување и да за да извлечат поголема корист за себе. Накратко, придобивките од онлајн медијацијата се: брзина, практичност и ефикасност.

[105] Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чанкова, Вала Станкова, Билана Гаурова-Вегертседер Керачка Михаел, Правна рамка на медијацијата, Книга Медиатора, Софиа 2020, страна 123

3.6 Медијацијата во Албанија

Во спроведувањето на постапката за медијација улогата на медијаторот е суштинска, имајќи го предвид овој факт законите на современите земји посветија посебно внимание на прецизирање на нејзината позиција како алтернативна постапка за решавање спорови меѓу страните. Улогата на медијаторот во постапката за медијација е од круцијално значење и за земјите од Западен Балкан особено релевантни во овој контекст се законите на Албанија и Црна Гора кои се чекор понапред во Евроатланските интегративни процеси за разлика од Македонија. Од правен и теоретски аспект, медијаторот се смета за клучен субјект во спроведувањето на постапката за медијација во Албанија. Улогата на медијаторот во медијацијата се манифестира директно во процесот на комуникација преговарање и ориентирање на страните кон изнаоѓање на најдобро решение.

Во албанскиот закон за медијација, медијацијата е дефинирана како асистирана процедурална алатка за алтернативно решавање на споровите која почива врз формално доброволен и генерално необврзувачки процес на преговарање во кој е инволвирана трета страна (медијатор) кој ги упатува страните кон договор што ќе ги реши сите или дел од нивните спорни прашања.[106]

Во Албанија во граѓанско правната теорија медијацијата се третира како институција на граѓанското право чија функција е решавање на спорови меѓу странките додека во кривично правната теорија се третира како кривично процесен институт, односно алтернативна постапка која функционира за репавање на кривичниот предмет.
Суштината на албанската правна теорија без оглед на двете овие области медијацијата има суштински унифицирано значење. Законот за медијација и решавање на спорови во Албанија вели дека улогата на медијаторот во постапката за медијација е клучна и таа го дефинира како „ медијаторот е трето лице кое во вршењето на својата функција обезбедува решавање на прашањето што е предмет на медијација со ефикасност праведност и непристрасност како и професионнално и без предрасуди за страните”, за

[106] Egzonis Hajdar, Position and role of mediator in the mediation procedure-A comparative overview between Kosovo, Albania and Montenegro, December, 2022, страна 102

разлика од неа законот за медијација на Црна Гора го дефинира медијаторот „ како посредник кој ја води постапката за медијација на начин договорен од странките” за разлика од нив законот за медијација на Косово го дефинира медијаторот како трето непристрасно лице лиценцирано од Министерството за правда кое е избрано да посредува меѓу странките со цел да се реши спорот.

Квалификации и особини на медијаторот во Албанија

Медијаторот е главен субјект во постапката за медијација и како таков треба да исполнува некои специфични услови поврзани со неговата квалификација некои стандарди за етика и професионална одговорност. Во Албанија за едно лице да биде лицецирано како медијатор потребно е да има завршено високо образование да има наполнато 25 години живот и да не е осудуван за кривични дела и да има завршено програма за стручна обука за медијатори. Во Албанија едно лице може да стане медијатор доколку за тоа добие лиценца од Комисијата за лиценцирање формирана од Министерството за правда. За разлика од неа Црногорското право бара исполнување на други критериуми за избор на медијатор, црногорскиот закон за медијација предвидува медијаторот мора да има завршено правен факултет успешно да ја поминало обуката за медијација не смее да биде осудено за кривично дело или да му биде изрешена забрана за вршење професија, дејност должност и истото треба да биде запишано во Регистарот на Министерството за правда.[107]

Законските решенија на овие две држави предвидуваат слични и различни критериуми кои треба да ги исполнува едно лице за да биде регистиран како посредник. Слични критериуми се однесуваат на стручното оспособување и успешно завршување на обуката за медијација и неосудуваноста. Различноста помеѓу Албанија, Косово, Црна Гора е тоа што албанскиот закон за медијација предвидува возраст од 25 години. Различен критериум од оној на Косово и Албанија е тоа што Црна Гора предвидува поседување на најмалку пет годишно работно искуство како и мерката дека не е изречена забрана за вршење на професија дејност или должност. Законските решенија на овие три држави го поврзуваат вршењето на дејноста медијатор со лиценцата и со потребата таквото лице да биде регистрирано како медијатор. Во Косово и Црна Гора регистрацијата ја врши

[107] Egzonis Hajdar, Position and role of mediator in the mediation procedure-A comparative overview between Kosovo, Albania and Montenegro, December 2022, страна 105

Министерството за правда, додека во Албанија тоа е Комисија од пет члена формирана од страна на Министерството за правда која е составена од двајца претставници на Националната Комора за медијација и тројца од Министерството за правда.[108]

Принципи врз кои се заснова активноста на медијаторот

Во Албанија, Косово и Црна Гора основен и фундаментален принцип е принципот на независност принципот на непристрасност принципот на еднаков третман и принципот на доверливост на постапкатам, сите овие принципи се инкорпорирани во законодавството на секоја држава која што претендира да биде членка на Европската Унија.

Во Косово, Албанија и Црна Гора како и во Македонија постапката за медијација се иницира по писмен пат, се кани другата страна да се реши спорот по пат на медијација, рокот за одговор на другата страна зависи од држава во држава но истиот не може да надмине 30 дена од денот кога е пуштена поканата. Судот пред кој што е изнесен спорот да се реши и во овие три држави како и во Македонија може да ги упати инволвираните страни спорот да го решат по пат на медијација.[109]

Инволвираните страни во Албанија, Црна Гора и Косово доброволно пристапуваат кон медијација и избираат трета страна медијатор да ги води низ процесот. Медијаторот и во Албанија, Црна Гора и Косово како и во Македонија е непристрасен и независен и ги води странките со цел да постигнат спогодба. Во сите законодавства спогодбата е правнообврзувачка за страните во спорот и има сила на судска пресуда и не смее да биде спротивна на моралот и законот. Од кога ќе биде постигната спогодбата за тоа се известува судот доколку по негова иницијатива започнала постапката на медијација.

И законите на Албанија, Црна Гора и Косово предвидуваат етички кодекс на кои треба да се придржува медијаторот како трета страна во процесот на медијација тој зема активно учество во процесот преку постојана комуникација со странките без завземање на страна дејствува и учествува во креирањето на спогодбата.

---

[108] Ibid, страна 96

[109] Klodiana Rafti, Prnciples, models, techigues, and working methods of mediation an albanian family mediation study, Tirana 2017, страна 3

3.7 Сличности и разлики помеѓу медијацијата во Репубика СевернаМакедонија versus Италија, Бугарија и Албанија

Како претенденти за членки во унијата Македонија и Албанија ја имаат ратификувано и иплементирано директивата 52/2008 за медијација на Европската Унија. Ваквата имплементација кај овие држави се гледа преку законската рамка, и едната и другата држава подентично исто ја дефинираат медијацијата постапката е иста и започнува со писмено барање од едната страна до другата за медијација, постапката ја води трета објективна страна медијатор кој за цело време треба да ја задржи својата објективност и да ги насочи странките кон постигнување на спогодба, тој само ги води странките а не учествува во креирањето на спогодбата. За да биде медијатор едно лице треба да биде посебно обучено и лиценцирано, бројот на часови за обука од држава во држава се менува.

Бугарија како членка на унијата, сепак ги има задржано традиционалните вредности и нејзините врски како припадник на државите од западен балкан. И таа како Македонија и Албанија подеднакво исто ја има дефинирано медијацијата, постапката за медијација е потполно иста како во Македонија и Албанија.

Најголем исчекор во овој контекст прави Италија, која себеси се дефинира како држава во Еврпоската Унија со најголем број на решени предмети по пат на медијација. Најсуштинската разлика во постапката на медијација во Италија е тоа што медијаторот таму може да постапува како судија, имено тој учествува во креирањето на спогодбата и им ја презентира на двете страни, страната која нема да ја прифати истата подлежи на санкција. Ваквата ,,судиска" функција на италијанскиот медијатор беше критикувана од правната фела во Италија, дури и неколку пати Уставниот суд не го кодификуваше законот токму од оваа причина, иако видоизменет сепак медијаторот во Италија ја задржа својата ,, егзекуторска,, функција и денес има право сам да ја состави спогодбата и да ги натера страните да ја прифатат.

Што се однесува до остатокот на постапката со оглед да сите држави ја имаат прифатено Директивата за медијација на Европската Унија таа е слична една на друга, со мали незначителни разлики.

IV. МЕДИЈАЦИЈАТА ВО ДРЖАВИТЕ СО АГЛОСАКСОНСКО ПРАВО

4.1 Медијацијата во Австралија

Австралија претставува еден од најуспешните модели на државите од комонвелтот преку нејзината нераскинлива врска со Обединетото кралство таа е еклантен пример преку кој се објаснува уникатноста на овој феномен.

Австралија е уставно-парламентарна монархија, кралот на Обединетото кралство Чарлс III е австралискиот монарх, и тој е генерален гувернер на Австралија, иако уставот му гарантира широк опсег на овластувања сепак тој ги користи само оние за кој изречна согласност дал премиерот. За разлика од другите држави кои се во комонвелтот , англискиот монарх има лимитирана моќ во Австралија. Тоа значи дека таа е парламентарна држава и дека сите одлуки од круцијално значење се носени од парламентот.

Поделба на власта

Системот на подлебата на власт во Австралија го сочинуваат, Законодавна власт, Извршната и Судската власт

Законодавната власт- Носител на законодавната власт во Австралија е паралментот поделен на два дома Сенатот и Преставничкиот дом кој ги носат законите, во парламентот учествува и кралот, кој само ги прогласузва законите. На чело на државата е премиерот и владата составена од министри.

Дводомниот дом го сочинуваат горниот дом-сенатот и долниот дом-претставничкиот дом. Сенатот брои 76 сенатори, а претставничкиот дом 150 членови. Членовите во двата дома се избираат на непосредни избори со тајно гласање, на секои три години, во двата дома колку преставници ќе има една држава зависи од бројот на нејзиноро население, но секоја држава има минимум 5 претставици во долниот дом. Во сенатот секоја држава има 12 сенатори, исклучок се Австралиската престолниска територија и Северна Австралија

Партиите со најголем број на претставници и Претставничкиот дом формираат влада, а нејзин водач станвуа премиерот.

Три најголеми политички партии се: Лабуристичката, Либералната и Националната

Извршната власт ја сочинува Сојузен извршен совет, на чие чело се наоѓа управник кој го советуваи извршните советници, кој се во постојана корелација со премиерот и државните министри.

Судска власт- Носител на судската власт е Високиот суд на Австралија и други сојузни судови .[110]

За да се разбере начинот на функционирање на Австралија мора да се знае дека таа е поделена на шест држави, три копнени територии и седум прекоморски територии државите се

Нов Јужен Велс,

Квинсленд,

Јужна Австралија,

Тасманија, Викторија и

Западна Австралија.

Две значајни континентални територии се Северната Територија и Австралиската престолнинска територија. По многу прашања територииите функционираат како држави.

Секоја држава и секоја територија има свој законодавен орган парламент кој е независен и здравството, образованието, правосудството, сообраќајот, јавниот транспрт, локалната самоуправа се нивна ислучива надлежност. Во овие области територијалните парламенти носат закони, но согласно член 51 од Уставот на Австралија федералниот парламент овие закони може да ги суспендира односно да ги поништи. Северната територија Австралиската престолнинска територија и Квинсленд, имаат едно домен парламент. Додека сите други држави имаат дводомни парламенти и тоа долен дом или уште познат како независен законодавен парламент а а горниот како Законодавен совет.

Секоја држава си има шеф на владата, односно главен министер секоја држава покрај шеф на влада има и државен гувернер кој е лицето на кралот во секоја држава.[111]

---

[110] Достапно на https://futureoption.net/mk/avstralija (последен пристап 15.05.2024)

[111] Ibid

Во составот на Австралија има и неколку помали територии. Исто така австралиската држава ги контролира и Корални Острови, островот Херд и Макдоналд, и Австралиска Антарктичката Територија. Федералната влада има контрла и врз територијата Церивисбеј како морнаричка база и пристаниште за главен град која е одвоена област од државата Нов Јужен Велс.

Австралија припаѓа на државите со англосаксонско право каде што постапката за решавање на спор почива врз преседани. Што се однесува до медијацијата како начин на алтернативно решавање на спорот по пат на посредување Австралија го користи само во работните односи. Во 90те и 2000те години медијацијата се користеше помеѓу работодавачите и синдикатите за да се утврдат материјалните правила на работниот однос, односно да се дефинираат колективните договори работните часови и платите и надоместоците од областа на трудот. Во таа конотација беа формирани трибуналите кои ќе го промовираат решавањето на спорот по алтернативен пат. [112]

Исто така ад хок арбитражата или медијацијата во Австралија беше користена да се решат и некои спорни прашања кои му припаѓаат на трговското право, но освен во индустриските односи трговското право и работните односи алтернативното решавање на спорови во Австралија се прошири и на семејното право и услугата на медијатор таму ја вршат адвокати или консултантски фирми. Нема посебен закон ниту определена постапка за задолжителна медијација во Австралија кој што ќе ја наметне медијацијата како задолжителна постапка за решавање на спорни прашања како тоа што е случај во нашиот закон.[113]

Процесот на медијација во Австралија

Во Австралија медијацијата е процес во кој помага непристрасно лице – медијаторот, при решавање на спорот со промовирање на спогодба помеѓу спорните страни. Во овој контекст, посредникот ја олеснува комуникацијата; промовира разбирање; и им помага на клиентите да ги идентификуваат нивните потреби и интереси и користи креативни техники за решавање проблеми за да им се овозможи на страните да ги постигнат договор, без принуда од негова страна.

---

[112]Wesam Faisal al Shawawreh , An evaluation study in mediation:A comparative study between Australia and Jordan, достапно на An evaluation study in mediation: a comparative study between Australia and Jordan : University of Southern Queensland Repository (usq.edu.au) (последен пристап на 01.04.2024)

[113]Ibid

Посредникот ќе има за цел да биде непристрасен во секое време и да ги третира страните на рамноправен начин. Посредникот за цело време внимава да се однесува професионалн во процесот, доколку се истакне приговор од било која страна со кој се спречува посредникот да дејствува, тој ќе ја прекине медијацијата. Како дел од олеснување на дискусиите, медијаторот може да поставува директни прашања за страните да ги разјаснат прашањата во спорот и да ги разберат соодветните приоритети и интереси на секоја страна.

Освен ако страните и медијаторот изречно не се договорат, медијаторот не смее:

-да одлучува за фактите на случајот;

-да одреди која страна во спорот е во право или не; или

-да донесува одлуки за страните или да ја советува странката да прифати одредено решение.

Посредникот може посебно да има доверливи приватни разговори со секоја од странките и/или нивните законски застапници. Медијаторот не смее да открива какви било приватни дискусии за време на медијацијата без дозвола, освен ако тоа не го бара законот.

Доверливост

Највисоко начело за почитување во процесот на медијација е доверливоста, сите учесници вклучувајќи го и медијаторот мора да ја чуваат доверливоста на посредувањето за тоа што е кажано и направено, како и за сите документи создадени за целта на медијацијата. Адвокатите кои им помагаат на странките ќе ги советуваат странките пред посредувањето замнивните обврски за доверливост пред, за време и по медијацијата и тие обврски ќе бидат вградени во договорот за медијација.

Насоки за страните во медијацијата

Обврските за доверливост на страните ќе зависат од:

- околностите на секое посредување;
- барањата од договорот за медијација; и
- какви било регулаторни или институционални барања.

Посредникот треба да ги разјасни и одговори сите прашања или грижи на страните во врска со спроведувањето на медијацијата, вклучувајќи ја и доверливоста, пред да

започне медијацијат. Посредникот не треба да открива информација што една страна бара да се задржи како доверлива (вклучувајќи информации за тоа како страните постапувале во процес на медијација, основаноста на соодветните позиции на страните, било понуди за поранмнување или договорени резултати) освен ако: медијаторот има дозвола од сите страни кои присуствуваат на посредување со интерес за зачувување на доверливоста; или медијаторот е обврзан со закон да го стори тоа.

Ниту посредникот, ниту странките или нивниот адвокат не смеат да му откријат на другата страна секоја информација која ја осознал медијатор за време на приватна сесија, без претходна дозвола.

Кога да се посредува Медијацијата е погодна за повеќето спорови и таа нуди, предност во споредба со парницата. Не постои универзално правило за тоа дали случајот е погоден за медијација или не. Треба да се земат предвид различни фактори, вклучувајќи ја и природата на спорот и начинот на размислување и посакуваните исходи на секоја страна. Медијацијата може да биде користенапред да започнат парнични или судски постапки.

Сите лица кои имаат легитимен интерес за решавање на спорот и кои може да им помогне на страните да постигнат резолуција треба да присуствуваат на медијацијата. Со овластување да го реши спорот на конференција за посредување, страните можат да изберат да бидат застапувани од адвокат; сепак нема обврска да го стора тоа.Поединецот може да присуствува самостојно и/или со лице за поддршка како набљудувач. Во некои околности, посредникот можеби ќе треба да го одобри присуството на лице за поддршка, доколку другата страна има приговор.[114]

Насоки за страните во медијациите

Лице со изрично овластување да го решат спорот во име и за сметка на странката која ја застапуваas се присутни на медијацијата. И посредникот ке потврди за време на почетокот на медијацијата дека секоја од странките има овластување да го реши спорот.

Ако странката е :

(а) компанија или здружение – некој назначен со потребните
ниво на авторитет и можност да зборува во име на компанијата или здружението
и да постигнат обврзувачки договор треба да присуствува;

[114] Law Council of Australia, Guidelines for Parties in Mediations, April 2018, страна 3

(б) владин оддел или агенција - лицето што присуствува треба да ја разјаснат (и пред медијацијата и при медијацијата) нивната улога и потребни се процедури за одобрување бидејќи тие обично не се во позиција да се обврзат, туку крајната одлука ќе ја има оној во чие име се појавуваат

(в) лице кое има овластување да дава препораки за конечната одлука креатор - крајниот носител на одлуки мора да биде контактибилен во текот на медијација.

Улогата на страните

Сите лица кои присуствуваат на медијација треба да учествуваат со добра волја со намера за порамнување. Улогата на адвокатот ќе варира во зависност од природата на спорот и посредувачкиот процес. Адвокатот ќе им помогне на клиентите да изберат посредник, да им обезбеди практичен и правен совет во врска со процесот, за прашања кои произлегуваат во текот на медијацијата, за направеноте понуди направени и им помага на страните при документирање и спроведување на кој било договор. Адвокатите можат да ја советуваат странката пред посредувањето, да ја застапуваат странката во текот на посредување и да преземаат некои или сите комуникации во име на странката. На медијација адвокатот треба да биде тука за да и помогне на застапуваната страна да направи разумни и искрени обиди за решавање на спорот.[115] Ако адвокатот на странката е присутен: медијаторот може да ги охрабри страните да играат активна улога во дискусии и преговори; и медијаторот може да обезбеди можности на страната да се консултира приватно со својот адвокат. Доколку адвокатот не е присутен на медијацијата, медијаторот може на странките да им даде можност да побараат совет. Сите учесници се одговорни за нивните правни трошоци настанати како резулатат на ан

Подготовка за медијација - Пред да присуствува на медијација, секоја страна треба да идентификува за што е спорот, кои се нивните интереси, кои се ограничуваат само на нивните права, и кои се веројатните и реални исходи од процесот.

Прелиминарна конференција- Понекогаш, посредникот ќе одржи прелиминарна конференција со страните и/или нивните законски застапници, одделно или заедно, пред

[115] Law Council of Australia, Guidelines for Parties in Mediations, April 2018, страна 4

закажаниот датум за посредувањето. Тоа може да биде лично или по телефон. Конференциите пред посредување се користат од страна на медијаторот за да се воспостави врска и да се наведат фазите на процесот на медијација, како страните и медијаторот треба да се подготви за медијација, точно да дефинира кој ќе присуствува на медијацијата какви информации треба да разменуваат страните пред медијацијата, детали за надоместокот на медијаторот и како ќе се спроведе медијацијата.Посредникот обично бара од страните да дадат кратка воведна изјава образложувајќи ги нивните прашања и Доколку странките се придружени со адвокат, адвокатот може да ја даде оваа изјава во име на странката. Посредникот ќе го олесни дијалогот меѓу страните, охрабрувајќи ги секоја од нив да комуницира отворено и директно. Ќе се охрабруваат и
да си поставуваат прашања едни на други за дополнително да ги истражат прашањата од интерес. Посредникот може да одржува приватни и доверливи сесии со секоја од нив

Престанок на медијацијата

Посредникот треба да ги информира страните, како што е соодветно дека можат да ка прекинат медијацијата доколку:

- медијаторот повеќе не може да биде непристрасен или да има конфликт на интереси;
- која било страна го злоупотребува процесот;
- нема разумна перспектива за порамнување;
- се предлага спогодба за која медијаторот смета дека може да биде неспроведлива или незаконска; [116]
- или медијаторот смета дека продолжувањето на медијацијата веројатно нема да резултира со спогодба

Резолуција -спогодба

Практиката е која постапка да заврши со резолуција=спогодба во писмена форма потпишана од страните. Договорот треба да биде доволно детално формулиран за да може правилно да се спроведе. Ако е можно, на секоја страна треба да и се достави копија од конечниот потпишан договор за сопствена евиденција пред напуштање на медијацијата.

[116] Law Council of Australia, Guidelines for Parties in Mediations, April 2018, страна 5

Пост-медијација Ако спогодбата е договорена и евидентирана во писмен договор за порамнување, страните треба да се консултираат со нивните соодветни правни застапници во врска со спроведување на договорот веднаш по завршувањето на медијацијата. Страните треба да внимаваат на сите прашања опфатени во договорот да ги извршуваат сите обврски преземени со догвоорот

Значи сублимирано Австралија познава алтернативно решавање само на трговските семејните и работничките спорни прашања медијацијата ја вршат адвокати или консултантски куќи и на страните на спорот останува да решат самостојно дали ефективно ќе преговараат и дали ќе го решат спорот по пат на медијација или по судски пат.

V. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

5.1 Проблемско-предметна рамка на истражувањето

Во денешно време, државите ја користат медијацијата како алтерантивно решавање на споровите, и како моќна алатка за постигнување на спогодба. Се повеќе и повеќе се навикнуваат на трендовите предизвкани од глобализацијата, напуштајќи го застарениот начин на решавање на спорот.

Со тоа се зголемува довербата помеѓу инволвираните страни, се штеди време, пари, ресурси, се намалува фрустрацијата од аспект на долгиот судски процес, се стекнува поголема верба во самиот медијатор чија улога е да ги доближи страните до конечно решение, без да нуди одговори туку да ги насочи спротивставените страни сами да го креираат решението.

Проблемско – предметната рамка се фокусира на идентификување на поврзаноста меѓу судската постапка и постапката на медијација и тоа која е подобра од нив двете

5.2 Проблем на истражување

Основното истражувачко прашање на кое треба да се даде одговор во истражувањето е дали и какво влијание има медијацијата на судската постапка и дали медијацаијата како алтернативно решавање на споровите е поприфатлива за страните или

не и колку е застапена во земјите од Европската Унија[117] со посебен осврт на Италија и Бугарија како членки на ЕУ и нејзиното прифаќање и застапеност во државите од Западен Балкан, Албанија и Македонија како претенденти за членство во унијата и дали медијацијата може да ја замени традиционалната судска постапка.

5.3 Цели и задачи на истражување

Во насока на утврдување какво влијание има медијацијата во земјите од ЕУ дали таа е прифатена или не и дали таа може да ја замени традиционалната судска постапка се наметнува потребата на следните истражувачки прашања:

1. Како истражувачите во академска литература дискутираат и вршат анализи на постапкатака на медијација?

2. Кои се размислувањата на правните експерти по однос на предностите и слабостите на медијацијата како алтернативно решавање на спорови?

3. Дали може медијацијата како алтернативно решавање на споровите во целост да ја замени судската постапка?

4. Дали медијацијата му нуди на инволвираните страни поприфатливо решение наспроти пресудата?

Одговорите на овие прашања би можеле да поттикнат проширување на оваа област на истражување. Основна цел на истражувањето е разгледување на определени научни сознанија и достигнувања за предметот на истражување.

Магистерскиот труд ги има следните цели:

Теоретска цел е да се проверат сите теоретски претпоставки кои имаат за цел за ја дефинираат медијацијата како алтеранативно решавање на споровите во правната литература и какво е мислењето на фелата по однос на прифаќањето на медијацијата во нејзината форма .

Методолошка цел на истражувањето е првенствено насочена кон развој и прифаќање на веќе позната истражувачка техника при истражувањето на начинот на

[117] Европската унија- е најзначајниот ентитет suis generis кој го обезбедува мирот и ја чува стабилноста воспоствен по втората светска војна

медијација во државите членки на ЕУ и во самото право на Унијата како право кое државите членки и оние држави кои имаат намера да станат дел од Унијата го имаат имплементирано во нивните правни системи

Практична цел е очекуваните резултати да создадат појасна слика околу тоа кои промени би требало да се случат во правните системи за целосно имплементирање и целосно прифаќање на медијацијата како начин на решавање на спорните прашања на инволвираните страни.

Главната цел на магистерскиот труд се однесува на утврдување дали постои, во кој обем е присутна медијацијата како алтернативен начин на решавање во споровите во Република Северна Македонија, наспроти системот на медијација во државите членки на ЕУ (Италија и Бугарија) како и државите од Западен Балкан (Албанија), државите со аглосаксонско право (Австралија).

5.4 Карактеристики и вид на истражувањето

Магистерскиот труд е изработуван според современите принципи на научно-истражувачка дејност. Основата се наоѓа во достапната литература од домашни и странски автори од областа правото, нормално со посебен осврт на постапката на медијација Истражувањето, односно тестирањето на поставените хипотези е базирано на програма која ги опфаќа сите важни индикатори за испитување на процесот на медијација со сите нејзини недостатоци и предности во однос на судската постапка, нејзината имплементација во државите членки на ЕУ, Македонија и државите од Западен балкан.
Истражувачкиот дизајн на магистерскиот труд вклучува примена на повеќе научни методи. Основните научни методи применети во истражувачкиот труд се: методите на анализа, синтеза и компаративна анализа.

Нацрт за истражување-искористување на типот нацрт на компаративно истражување.

Се работи за компаративно истражување поради фактот што истражувањето е насочено кон правење на споредба на постапката на медијација во Република Македонија и постапката на медијација Италија, Бугарија, Албанија и Австралија.

Методи за собирање и анализа на податоците-Бидејќи се работи за компративно истражување искористени се квалитативни методи на истражување и тоа анализа на содржината, компаративна анализа и анкета.

Со помош на методата анализа на содржината се анализирани Законот за медијација во Република Македонија, Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, Законот за медијација на Бугарија, Италијанскиот начин на медијација од Џузепе Конте, Guidelines for Parties in Mediations Law Council Australia Mary Walker Ian Bloemendal Philip Theobald, Mediation in dispute resolution-The assembly of the Republic of Albania, Адвокатите и медијацијата-медијатор Гордана Атанасова, The Methodology of Comparative Law Edward J. Eberle, Вовед во правото на Европската Унија – Хрестоматија",Битола 2011"Меѓународно јавно право",Магор 2012 "Вовед во правото на Европската Унија-втор дел",Скопје 2011 "Современа меѓународна заедница",Скопје 2008, Директивата 52/2008 на Европската унија, ,, Книга Медиатора, Софиа 2020.

Врз основа на анализираната литература се генерирани хипотези а потоа тие хипотези се тестирани со емириско истражување по правило, тестирањето на хипотезите се изведува со квантитативно истражување односно статистичка обработка на анкетниот прашалник. Компаративното истражување овозможува генерализација на заклучоците бидејќи потврдувањето на хипотезите може да се смета како научна вистина.

Техниката на анкетирање овозможува да се добијат релевантни сознанија за проблемско – предметната рамка. Основен инструмент на техниката на анкетирање е анкетниот прашалник. Анкетните прашалници овозможуваат погоден начин за собирање на податоци од поголем број на испитаници од одредена географка област. Станува збор за инструмент со голема фреквенција на користење бидејќи испитаниците може слободно да го изразат сопственото мислење и притоа да останат анонимни.

5.5 Хипотетска рамка

Општа хипотеза

Медијацијата како поим, видови на медијацијата, постапката на медијација во Република Македонија и компарација на медијацијата со процесот на медијација во Италија, Албанија, Бугарија и Австралија.

Посебна хипотеза

Посебен осврт на постапката за медијација во Македонија и целосна анализа на постапките за медијација на Италија, Бугарија, Албанија и Австралија.

Анкетен прашалник

Беше спроведена online-анкета во периодот од 25.03.2024 година до 03.04.2024 година на анкетата одговорија дваесет испитаници за анкетата беше искористена Ликертовата скала односно одговорите на прашањата беа изразени во бројки. Беа поставени шест прашања, заради концептот на анкетата на кои испитаниците имаа можност да одговорат со ДА и со НЕ.

Анкетниот прашалник е наменет за студенти од областа на правото, се состои од 6 прашања Анкетниот прашалник и анкетирањето како метод најчесто се користи за овој вид на истражувања, но и исто така, претставува ефикасен начин за да се обезбедување на потребните податоци од примерокот и соодветно да се извлечат заклучоци од истражувањето.

VI.ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

6.1 Квантитативна и квалитативна анализа на податоците

Најпрво за појаснување важно е да се напомене дека беше користен шаблон за анкетирање распростарнет само за корисниците на google односно оние кои имаат имејл адреса на овој софтвер, беше испратена на четириесет студенти на ,,Правен факултет-Кичево, заради дисперзија на податоците и објективност на истите. Но на вака поставената анкета одговорија само дваесет студенти чии одговори беа сублимирани и обработени и во интерес на времето дадено за изработка на овој магистерски труд истите се презентирани.

Податоците добиени со анкетниот прашалник се обработени со статистички софтвер за анализа. Со цел да даде преглед на резултатите добиени со истражувањето направена е кратка истражувачка анализа на податоците.

На првото прашање ,,Дали ја препознавате медијацијата како алтерантивен начин за решавање на споровите?” 17 испитаници одговорија со ДА, а останатите три со НЕ, или изразено во проценти 98% одговорија со ДА, а 2% одговорија со НЕ. Што значи дека студентите на Правниот факултет Кичево како таргет група за оваа анкета знаат и ја

препознаваат медијацијата како алтерантивен метод на решавање на споровите и точно знаат да ја дефинираат истата според нив. Медијацијата е доброволен начин на решавање на спор помеѓу две страни без оглед да се физички или правни лица кои по пат на преговори заедно со трето лице медијатор кои ги води тие преговори и за цело време ги насочува странките да учествуваат со свои предлози да стигнат до прифатливо решение кое е најчесто писмена спогодба обврзувачка за двете инволвирани страни.(види графички приказ 1)

На второто прашање "Дали медијацијата е доволно развиена во нашата земја,,?13 испитаници одговориле со НЕ, а само 7 иситаници одгвориле со ДА или изразено во проценти 75% одговориле со НЕ а само 25% одгвориле со ДА. Што значи дека испитаниците ја знаат законската рамка со која е дефинирана и промовирана медијацијата во Македонија, дека Законот за медијација има својство suis generis,во однос на другата нормативa, точно ја препознаваат и сметаат дека нејзината задолжителност во законот за одреден тип на спорови е добар начин таа да е се поприфатена во деловното работење. Препознатлив е стилот и профилот на медијаторт, како и неговите квалификации и компентеции за да се биде медијатор, се смета дека ваквиот начин на решавање на споровите е побрз поефикасен и нуди поголема правна заштита и му овзоможува на страните и по медијацијата да ги продолжат своите општествени врски кои ги имале претходно.(види графички приказ 2)


На третото прашање,, Дали со медијација може да се постигне квалитетна разрешница на спорот и дали спогодбата постигната со медијација е извршлива?,, 15 од испитаниците одговориле со ДА а само 5 ипитаници со НЕ или изразено во проценти 80% одговориле со ДА, а 20% одговориле со НЕ.Што уште еднаш ја прави медијацијата прифатлив метод на решавање на спорни прашања, бидејќи спогодбата постигната со медијација може да добие карактер на извршна исправа ако како таква е солемнизирана пред нотар или признаена од суд кога судот ја наложил како можност за решавање на спорот.

На четвртото прашање ,, Дали медијацијата се применува во Италија Бугарија Алабанија и Австралија,,? како алтеранативен начин на решавање на спор деветнаесет испитаници одговориле со ДА а само еден испитаник одговорил со НЕ или изразено во


проценти 99,9 %.Што значи дека сите испитаници со исклучок на еден се свесни за широката примена и промоција на медијацијата во земјите од Западен Балкан, особено во оние кои се претенденти за ЕУ бидејќи самата медијација како постапка има своја законска регулатива во Европската унија и од нејзините членки, но и од земјите претенденти во ЕУ таа е широко прифатена и како таква имплементирана во националното право и е во согласност со истото. Секој правен систем има најдено начин како точно да ја спроведе постапката на медијација и како да ја наложи на правниот систем како алтернативен, брз, економичен, ефективен и ефикасен начин на решавање на спорните прашања(види графички приказ 4)


На петтото прашање „Дали треба да се промовира медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите?" 10 испитаници одговориле со ДА а останатите 10 одговриле со НЕ или изразено во проценти 50% одговориле со ДА а 50% одговориле со НЕ. Ова од причина што постојат пошироко прифатени стојалишта од еминентни стручњаци кои ја препознаваат медијацијата како начин на алетрантивно решавање кои би можел во иднина целосно да ја замени судската постапка особено во споровите од мала вредност каде што вредноста на спорот не надминува милион денари. Нејзиниот задолжителен обид дефиниран со законот за медијација е само поткрепа на ваквиот став. Меѓутоа сепак дел од испитаниците сметаат дека „ традиционалната судска постапка„ е единствениот ефикасен начин на решавање на спорни прашања.(види графички приказ 5)


На шесттото прашање „Дали постои разлика меѓу Арбитражата и медијацијата како алтерантивни начини на решавање на спор?". 19 испитаници одговориле со ДА и само еден испитаник со не или изразено во проценти 99,9%. Ова прашање беше поставено од причина што сакав во овој труд докрај да биде објаснето дека двата начини на алтернативно решавање на споровите, медијацијата и арбитражата се разликуваат од судската постапка.(види графички приказ 6).



ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 1
да
не
3
17
ДАЛИ ЈА ПРЕПОЗНАВАТЕ МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО АЛТЕРАНТИВЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ


ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 2
ДА
НЕ
13
7
ДАЛИ МЕДИЈАЦИЈАТА Е ДОВОЛНО РАЗВИЕНА ВО НАШАТА ЗЕМЈА?


ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 3
100%
90%
80%
70%
60%
50%
40%
30%
20%
10%
0%
5
15
Дали со медијација може да се постигне квалитетна разрешница на спорот и дали спогодбата постигната со медијација е извршлива
ДА
НЕ


ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 4
20.2
20
19.8
19.6
19.4
19.2
19
18.8
18.6
18.4
дали медијацијата се применува во Италија, Бугарија, Албанија и Австралија
да
не


Графички приказ 5
25
20
15
10
5
0
Дали треба да се промовира медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите
да
не


Графички приказ 6
20.2
20
19.8
19.6
19.4
19.2
19
18.8
18.6
18.4
Дали постои разлика меѓу арбитражата и медијацијата како алтернативни начини на решавање?
Да
Не

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Динамиката на бизнисите, трендот на интензивно намалување на трошоците, зголемување на ефикасноста, технолошките придобивки со можности за моментален трансфер на информации, мобилност во сите сегменти од живеењето, ја наметнуваат потребата да се надмине традиционалното водење на судските постапки и да се бараат нови начини за ефикасно разрешување на споровите и конфликтите преку иницирање постапки со ефикасни начини на решавање на споровите како што е медијацијата.

Северна Македонија ја промовира медијацијата, со главна цел популаризација на овој ефикасен начин на вонсудско решавање на споровите. Со популаризација на медијацијата ќе се намалат непотребно долгите и скапи судски постапки и ќе се зголеми ефективноста во надминување на конфликтите во ставовите на страните, преку наоѓање решенија прифатливи за двете страни и нивна идна соработка поради доверливоста на постапката, што не е случај во најголем дел од споровите кога се води јавна судска постапка.

Од досега изнесеното може да се заклучи дека медијацијата најмногу е погодна за решавање на имотно – правни спорови; семејни; економски и управни, како и во спорови од областа на заштита на животната средина; потрошувачки и прекугранични спорови; работни и спорови со помала вредност. Со помош на медијацијата засегнатите страни сами доаѓаат до решение, што ја зголемува можноста за постигнување и спроведување на она што е договорено. Сите мислења и вредности на страните се земаат во предвид, а медијацијата создава позитивна атмосфера и помага во изградба на подобри односи меѓу засегнатите страни. Овој вид на решавање на спорови е побрзо и поефикасно, бидејќи може да се дојде до решение за неколку дена или недели. Медијација е секое посредување, без оглед на неговиот назив, при решавање на спорниот однос во постапка на медијација во коешто на страните во спорниот однос им се овозможува истиот да го решат по пат на преговарање, на мирен начин со помош на еден или повеќе лиценцирани медијатори со цел да се постигне заедничко прифатливо решение изразено во форма на писмена спогодба.

Европската Унија како најквалитетниот мировен процес имаше за цел да ја зајакни економски поствоена Европа. Знаејќи дека мора да соработуваат државите почнаа полека

да градат односи и да се вмрежуваат една со друга соработувајќи најпрво во областа на економијата.

Почнаа да тргуваат едни со други и полека но сигурно ги поставија темелите односно го исрцтаја профилот на денешната унија.

Замислена како заедница за јаглен и челик, унијата набрзо стана заедница со заеднички пазар на кој најпрво се трансферираа само добра. Ваквиот трансфер на добра предизвика и создаде притисок во размената да почне да се вклучува и капиталот. Потоа притисокот се прошири на размената на услуги и луѓе. Тоа го постави прашањето за редифинирањето на економската заедница и наоѓање начин покрај економски земјите на територијата на Европа да почнат да соработуваат и на други полиња.

Таквиот стремеж дури придонесе и да се формира една унитарна држава со свое население. Иако ваквиот обид за формирање на една единствена европска држава пропадна сепак Унијата го задржа својот ,,суверинитет,,. Денес унијата е ентитет со заеднички политики од областа на надворешната политика, економијата, безбедноста, монетарната и фискалната политика, образованието, пазарот на труд, културата, уметноста, спортот. Ваквата констелација на односите предизвика и несогласувања помеѓу инволвираните страни во процесот на соработка, Имајќи го предвид фактот кој суд ќе биде надлежен да решава по било какво спорно прашање помеѓу две или повеќе страни, членките на унијата почнааа да бараат начини и форми за алтерантивно решавање на споровите.

Како форма на алтеранативно решавање на спорот медијацијата е широко прифатена од државите на Европската Унија особено од Италија, другите држави бавно и тешко ги прифаќаат новитетите и не ја напуштаат судската постапка како темел за решавање на спорни прашања.

Од друга страна па во новата историја на Европа, во периодот од девесетите години беше актуелен крвавиот распад на Југословија кој во витлогот на војната од аспект на економската и политичка развиеност ги врати неколку чекори назад земјите кои ја сочинуваа тогашната Југославија.

Остана мистерија како Европа толку дозволи во нејзиното предворје да се случува геноцид од светски размери и да се уништи една толку моќна држава како Југославија.

Уништени од војната државите од поранешна Југославија почнаа да се изградуваат наново како независни и суверени ентитети. Ваквата импликација покрај државите на поранеша Југославија значително се одрази и врз развојот на Бугарија како држава која своевремено беше премногу економски зависна од Југославија.

Па одтаму државите на поранешна Југославија и Бугарија, Европската унија ги унифицираше под флоскулата „Западен Балкан“ создавајќи посебни критериуми за членство во големото семејство.

Со надеж за влез државите од Западен Балкан секој ден од година во година постојано ги трансформираат и реформираат своите економско-политички системи со цел полноправно членство во унијата.

Таквиот стремеж придонесува широко прифаќање и вметнување во секојдневното функционирање на ЕУ-политиките, меѓудругото и на прифаќање на директивата за медијација.

Медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите е широко прифатена во Србија, Босна и Херцеговина, Македонија, Албанија, Црна Гора и од членките на ЕУ Словенија, Бугарија, Хрватска и Грција.

Во сите овие горенабројани држави медијацијата преставува алтернативен начин на решавање на спорот помеѓу две или повеќе страни со помош на трета страна медијатор.

Улогата на медијаторот е клучна и тој всушност раководи со целиот процес и преку советодавна улога ги носи странките до конечно решение. Со својата независност, транспарентност и умешност, гарантирајќи ја доверливоста тој им помага на странките кои за цело време се вклучени во процесот на преговарање и кои постојано даваат идеи и предлози да дојдат до конечна писмена спогодба прифатлива за сите.

Во државите од западен балкан правен инструмент врз кој почива медијацијата е актот за медијација односно,, Законот за медијација” кој е lex generalis. Начиот на водење на постапката минимално се разликува од држава во држава круцијалната разлика е во однос на обуката на медијаторите, односно часовите посветени на медијација. Што се однесува до начинот на водење на постапката тој во сите држави е ист и во корелација со директивата 52/2008 на Еврпоската Унија.

Повеќе од јасно е дека новото време и неговата динамика бараат промена и во начинот на решавање на спорните прашања, затоа се напуштаат старите судски долги и

бавни постапки и се пристапува ко медијација која претставува брз ефективен и ефикасен начин начин на решавање.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. ALTERNATIVNE METODE RJEŠAVANJA SPOROVA U REPUBLICI HRVATSKOJ Ela Milašinčić, достапно на https://hrcak.srce.hr/file/412541
2. Arron Deborah Running from the Law: Why Good Lawyers Are Getting Out of the Legal Profession, LawyerAvenue Press, January 1, 2003
3. Bezbradica, Anja (2015),, Pravna priroda arbitražnog rešenja u radnom sporu u Republici Srbiji, достапно на http://ricl.iup.rs/view/subjects/00-01.type.html
4. Bobbi McAdoo,All Rise, the Court Is in Session: What Judges Say about Court-Connected Mediation (osu.edu), Hamline University School of Law,2021, https://kb.osu.edu/server/api/core/bitstreams/f8810351-97ff-5669-bc9a e7bc88f9764a/content, (пристапено на 27.10.2023 год.)
5. BILIĆ, Vanja,, Alternativno rješavanje sporova i parnični postupak, Doktorska disertacija, Pravni fakultet u Zagrebu, Zagreb, 2008 https://medijacija.hr/wp content/uploads/2020/04/Vanja-Bilic-Alternativno-rjesavanje-sporova-i-parnicni postupak-disretacija.pdf (пристапено на 15.10.2023)
6. Brunet E. i Carver C. B., Alternative dispute resolution: The advocate's perspective, second edition, LexisNexis, Danvers, 2001
7. Bulgaria mediation act 2004, достапно на https://www.uv.es/medarb/observatorio/leyes-mediacion/europa-resto/bulgaria-mediation-act-2004.pdf
8. Вовед во правото на Европската Унија-втор дел, Сашо Георгиевски, Татјана Перушевска, Љубомир д. Фрчковски, Скопје 2011
9. Vukmir Mladen, Medijacija kao pravna usluga (power point prezentacija), 12. Hrvatski arbitražni dani, Zagreb, 2. – 3. декември 2004
10. Вовед во правото на Европската Унија –Хрестоматија, Илиќ Горан, Битола 2011
11. Граѓанско процесно право, Книга прва: Парнично право - Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, Скопје,2009 година
12. Giovani Matteucii ,Italy, the country where everythibg ends in court. New rules on mediation, Рио Де Женеиро, 2023
13. Горан Илиќ Еутопија, Битола 2012
14. Горан Илиќ Европа на крстопатБитола 2009
15. Guzepe Conte, Italian way of mediation,Rome, 2014
16. Giuliana Romualdi, Problem-Solving Justice and Alternative Dispute Resolution in the Italian Legal Context, 2019

17. Дефинирање на Југосферата и нејзиното значење за регионалната соработка на Западен Балкан, Горан Илиќ, Битола 2011

18. Декомпонирање и операционализација на Југосферата како поим , Горан Илиќ , , Битола, 2011

19. Даниела Коларова, Румен Минковски, Добринка Чаркова, Вала Станкова, Билана Гаркова-Вегертседер, Керачка Михаел ,, Книга на Медиатора, Софија, 2020

20. Directive 2008/52/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters- Достапно на https://www.legislation.gov.uk/

21. Egzonis Hajdar , Position and role of mediator in the mediation procedure-A comparative overview between Kosovo,Albania and Montenegro, Tirana 2022

22. Expanding and empowering the mediation system in Albania достапно на https://www.entwicklung.at/en/projects/detail-en/expanding-and-empowering-the-mediation-system-in-albania

23. John McKnight and Peter Block, The Abundant Community: Awakening the Power of Families and Neighborhoods Paperback – March 5, 2012

24. Закон за медијација-Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 294 од 27.12.2021 година

25. Закон за кривичната постапка Службен весник на Република Македонија, бр. 150 од 18.11.2010 година

26. Закон за правда за децата Службен весник на Реублика Македонија, бр.148/13

27. Закон за парничната постапка со коментари , судска практика, примери од практична примена и предметен регистар Кирил и Кимо Чавдар Скопје 2016

28. Закон за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија Службен весни на Република Македонија бр 39/2006 од 30.03.2006

29. Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на адвокатската комора на Република Македонија, Кодекс на етика (mba.org.mk) ,

30. Klodiana Rafti ,,Prnciples, models, techigues, and working methods of mediation an albanian family mediation study, Тирана 2017

31. Law Council of Australia, Guidelines for Parties in Mediations, April 2018

32. Меѓународно јавно право, Сашо Георгиевски, Татјана Петрушевска, Љубомир Д Фрчковски, Скопје 2012

33. Max Rheinstein ,,Comparative Law - Its Functions, Methods and Usages, 1968

34. Master Thesis Elisabeth Jaumann ,,International Conflict Resolution through Mediation: Under which Conditions does the European Union effectively mediate, 2022

35. Melissa Hanks ,Perpectives on mandatory mediation,2021

36. Mediation process model-Australia administrative appeals tribunal

37. Milena Đorđevi ć ARBITRAŽA – POJAM, KARAKTERISTIKE I VRSTE достапно на https://ius.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2020/12/Arbitraza.pdf

38. Меѓународна арбитража достапно на https://www.international-arbitration-attorney.com/hr/arbitration/international-arbitration-law/

39. Medijacija достапно на https://cvjeticaninlegal.com/tag/medijacija/

40. Mirenje (medijacija) kao alat za socijalizaciju prava, sudova i pravne profesije te demokratizaciju sporenja достапно на https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/dr.-sc.-Sr%C3%84%E2%80%98an-%C4%B9-imac-Mirenje-kao-alat-za-socijalizaciju-prava-sudova-i-pravne-profesije-te-za-demokratizaciju-sporenja.pdf

41. Megargee Brown, Peter, Rascals, The Selling of the Legal Profession, Benchmark Press, New York, 1989

42. Mnookin, R. i Kornhauser, L. „Bargaining in the Shadow of the Law: The Case of Divorce, Yale Law Journal, 1979,88, 950.997

43. MCSHANE, John V., Companion and Professional Bible for Every Lawyer! 6. january 2011

44. Nino Kharitonashvili,, Court mediation as a Means of Access to Justice and a Prerequisite for the Development of Private Mediation,,2020

45. Прирачник за колективно договарање и решавање спорови во јавната служба-Одделение за секторски активности достапно на https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_dialogue/---sector/documents/instructionalmaterial/wcms_185346.pdf

46. Pristupanju Medijaciji достапно на https://www.scribd.com/document/461813036/Sporazum-o-Pristupanju-Medijaciji

47. Procjena alternativnog rješavanja sporova / Medijacija u Bosni i Hercegovini достапно на https://archive.europa.ba/wp-content/uploads/2015/09/Final-report-on-ADR-in-BiH_-prevod-final3.pdf

48. SRĐAN ŠIMAC Sudac Visokog trgovačkog suda Republike Hrvatske MIRENJE - ALTERNATIVNI NAČIN RJEŠAVANJA SPOROVA достапно а https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/mr.sc_.-Sr%C3%84%E2%80%98an-%C4%B9-imac-Mirenje-alternativni-na%C3%84%C5%A4in-rje%C4%B9%CB%87avanja-sporova.pdf

49. Radomirović Ivana Vukadinović MarkovićJelena, Forma arbitražnog sporazuma,2023

50. Riskin L.; Mediator Orientations, Strategies arid Techniques By Leonard L. Riskin Alternatives to the Hiqh Cost of Litiqation {Сепter for Public Resources), Sept. 1994

51. Симонида Кацарска Анализа за примена на медијацијата во северна Македонија, Скопје 2022

52. Тоновски Ѓорѓи, Современа меѓународна заедница, Скопје 2008

53. Fisher, Roger, William L. Ury, and BrucePatton. Getting to yes: Negotiating agreement without giving in. Penguin 2011

54. Шарп Џин, Од диктатура до демократија, Фондација Отворено општество, Македонија 2013

ПРИЛОЗИ КОН МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

ПРИЛОГ 1.

А Н К Е Т А

1. Дали ја препознавате медијацијата како алтерантивен начин за решавање на споровите?

ДА

НЕ

2. Дали медијацијата е доволно развиена во нашата земја?

ДА

НЕ

3. Дали со медијација може да се постигне квалитетна разрешница на спорот и дали спогодбата постигната со медијација е извршлива?

ДА

НЕ

4. Дали медијацијата се применува во Италија, Бугарија, Алабанија и Австралија?

ДА

НЕ

5. Дали треба да се промовира медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите?

ДА

НЕ

6. Дали постои разлика меѓу арбитражата и медијацијата како алтерантивни начини на решавање на спор?

ДА

НЕ